СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1313/87
28.02.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 23-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 23-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат 17 советници. Двајца советници се онлајн присутни. Тоа се советникот Диме Коцевски и Круме Богевски. Имаат онлајн присуство и ќе бидат заедно со нас на оваа седница.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од 22-та Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 25.01.2023 година.

Дали има забелешки по Записникот од 22-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 22-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Диме. Да. Круме. Во ред.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 22-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од 6-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.02.2023 година.

Дали има забелешки по Записникот на 6-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 6-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.02.2023 година. Кој е за. Круме. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 6-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.02.2023 година.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред и тоа :

1. Предлог-Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено

земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и за селата во Општина Кавадарци за 2023 година;

2. Предлог-Одлука за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини за 2023 година;

Точката 3 се иззема од денешната седница, а со тоа редоследно се менуваат бројот на точките.

3. Известување со арх.бр.22.23.6-1-518/1 -23 од 31.01.2023 година за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2022 година ;
4. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;
5. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА„ КО Кавадарци со плански период (2020-2025);
6. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за Урбана единица 5, Блок 5.10„Цветан Димов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023);
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
9. Предлог-Одлука за распределба на финансиските средства на пријавени апликанти согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик;
11. Предлог-Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово;
12. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Кавадарци ;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за давање согласност на ЈП „Комуналец„ Кавадарци„ за поставување на фотонапонски електроцентрали, без надомест, на кровна конструкција на објекти сопственост на Општина Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за давање на трајно користење и стопанисување, без надомест, недвижна ствар-објект 1 на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион – Тиквеш-Кавадарци ;

16. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на фекална канализација во с.Долна Бошава;
17. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година;
18. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот „Изградба на ул„Лазо Асијата фаза 2„;
19. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја;
20. Предлог-Одлука за давање согласност за преместување на спомен обележје;
21. Предлог-Одлука за подигање на спомен обележје Подигање на 12 бисти посветени на Ваташките младинци

Оваа точка СЕ ИЗЗЕМА, а поради поврзаност со претходните точки предлагам, согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци нова точка. Тоа е 22 која гласи:

22. Предлог-Одлука за подигање на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип.

Кој е за оваа точка со гласање. Диме. За. Круме. Во ред констатирам дека одлуката за подигање спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип е вклучена како редовна точка на денешниот дневен ред.

Поради поврзаност со претходните точки предлагам, согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци нова точка. Тоа е 23.

23. Предлог –Одлука за подигање на спомен обележје - Подигање на 3 фонтани на Кружен тек Сашо Гешовски. Кој е за. Едногласно. Круме. Диме. За. Констатирам дека е усвоена и оваа точка на денешниот дневен ред. Тоа е:

Предлог –Одлука за подигање на спомен обележје - Подигање на 3 фонтани на Кружен тек Сашо Гешовски.

24. Предлог-Одлука за давање на трајно користење движна ствар-клима уред, без надомест, на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци ;
25. Предлог-Одлука за примање на движна ствар-специјализирано против пожарно возило од Центар за развој на Вардарски плански региони и давање на трајно користење, без надомест, на Територијална Противпожарна Единица Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за примање на движни ствари од Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија;
27. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за отстапување на ЈП Комуналец Кавадарци на управување и одржување на новоизградените тоалетни кабини (санитарни јазли) на територијата на Општина Кавадарци;
28. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (џуломари с.Ресава);

29. Предлог-Одлука за давање на времено користење на недвижна стварпосебен дел од објектна Јавно претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, без надомест;
30. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници;
31. Предлог-Одлука за промена на седиште на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
32. Статурна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
33. Статут (пречистен текст) на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
34. Одлука за организирање Подружница 1 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
35. Одлука за организирање Подружница 2 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
36. Одлука за организирање Подружница 3 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
37. Одлука за организирање Подружница 4 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
38. Одлука за организирање Подружница 5 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
39. Одлука за организирање Подружница 6 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
40. Одлука за организирање Подружница 7 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
41. Одлука за организирање Подружница 8 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
42. Одлука за организирање Подружница 9 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
43. Извештај за работењето на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.06-31.12.2022, донесен од Управен

Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

44. Измена на Програма за работа за 2023 година на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
45. Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
46. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;
47. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на мегупштински линиски превоз на патници помегу Општина Кавадарци и Општина Росоман;
48. Предлог-Одлука за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
49. Предлог-Одлука за утврдување на паричен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
50. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци;
51. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката со арх.бр.02-235/4 од 13.02.2023 година, за утврдување на услови за приклучување на водоводната и канализациона мрежа, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
52. Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01-31.12.2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
53. Извештај со арх.бр.02-813 од 30.01.2023 година за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управниот одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;
54. Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-814 од 30.01.2023 година, за дополнување и измена на Тарифникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општина Кавадарци, донесена од Управниот одбор на на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;
55. Извештај за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија за 2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија;

56. Предлог-Решение изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници во Управниот Одбор на Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
57. Измена и дополнување на Годишен План со арх.04-30/1 од 06.02.2023 година, за вработување за 2023 година ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
58. Извештај за реализацијата на Програмата за работа за 2022 година на Младински Центар ;
59. Програма за работа за 2023 година на Младински Центар;
60. Извештај за реализација на Програмата за работа на Здружение „Тиквешки Семејни винарии„ Кавадарци за 2022 година;
61. Програмата за работа на Здружение „Тиквешки Семејни винарии„ Кавадарци за 2023 година;
62. Програма за работа на Здружението„ Македонски дестилерии„ за 2023 година;
63. Програма за работа на на Здружение „Винотек„ за 2023 година;
64. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата Културно- социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-декември 2022 година;
65. Годишна Програма со финансов план на Културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци за 2023, донесена од Управен одбор на КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци;
66. Елаборат за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август2021 година;
67. Одлука со арх.бр.02-47/4 од 10.02.2023 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа ;
68. Предлог-Одлука за ажурирање на процена од загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

69. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година( Меридијан);

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за Едногласно. Диме. За. Круме.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ПРАВНО-НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Круме најавил дека е присутен и дека е вклучен, ама нема да гласа.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

70. Предлог-Одлука за одобрување на текстуално дообјаснување на урбанистички план

Кој е за оваа точка. Ве молам со гласање. Точка 70. Едногласно усвоена. Диме. За.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

71. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување на оваа точка на денешниот дневен ред. Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница со следната точка:

72. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година

Кој е за оваа точка. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

73. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на трета лента на дел од Западен Булевар, магистрална улица М3 согласно ГУП на град Кавадарци.

Кој е за оваа точка. Едногласно. Диме. За.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

74. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат од село Бојанчиште до река Блашница (влив на Тиквешко Езеро) Општина Кавадарци"

Согласно Деловникот молам за произнесување за оваа оваа точка од денешниот дневен ред. Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа

75. Предлог-Одлука за кофинансирање и одредување на приоритетен проект „Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара (од каскада кај Болница до мост на улица Видое Смилевски-Бато)"

Кој е за дополнување на оваа точка на денешниот дневен ред. Едногласно усвоена. Диме.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

76. Предлог-Одлука За кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на локален пат во село Бохула-фаза 2".

Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

77. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште) Општина Кавадарци.

Кој е за оваа точка, дополнување на денешниот дневен ред. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

78. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на улица Ресавска"

Кој е за оваа точка, дополнување на денешниот дневен ред. Едногласно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Процедурално. Мислам дека не е во ред да пред седница или на неколку денови пред седница се стават уште 10, 15 точки на дневен ред на вака обемен дневен ред, да кај што не се доставуваат ниту навреме материјалите, кај што ние би имале доволно временски период истите да ги разгледаме. Мислам дека ова вака не е во ред да оди и вака да се одвиват седниците на Совет. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за дополнување на оваа точка на денешниот дневен ред. Диме. За. 14 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

79. Програма за работа на Здружение „Жта" за 2023 година

Согласно Деловникот кој е за дополнување на оваа точка на денешниот дневен ред. Диме.14 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред и тоа :

80. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на регулирано речно корито во село Брушани, Општина Кавадарци;

Кој е за оваа точка дополнување на денешниот дневен ред. Ајде ве молам кој е за. Господа. 12 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

81. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотекот „Желков дол“ во град Кавадарци, Општина Кавадарци;

Кој е за оваа точка. Ве молам со гласање. Диме. 12 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

82. Предлог-Одлука за одобрување за спроведување на постапка и склучување на договор за лизинг, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец Кавадарци;

Оваа точка ја ставам на гласање за дополнување на денешниот дневен ред. Кој е за. 14 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

83. Одлука за прифаќање на Годишниот Извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред. Кој е за. 14 за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

84. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023;

Молам за гласање за оваа точка на денешниот дневен ред. Диме. За.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам денешниот дневен ред да се дополни со една моја Иницијатива која сега на говорница ќе ја доставам. Таа иницијатива е доставена до архивата на Општина Кавадарци:

Почитувани присутни, почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувани жители на Општина Кавадарци, почитувана општинска администрацијо. Ова иницијатива е од моја страна како Претседател на Советот на Општина Кавадарци во корелација со Градоначалникот на Општина Кавадарци г-динот Митко Јанчев, а тоа е иницијатива за одобрување на финансиски средства по катастрофалниот земјотрес кој што се случи на ден 06.02.2023 година и го зафати подрачјето на Република Турција и Сириска Арапска Република, во која како спасувачката акција, во разрушените подрачја во Република Турција беа вклучени и 9 (девет) пожарникари на ТППЕ Кавадарци кои активно, несебично учествуваа во помагање и спасување на човечките животи.

Како Претседател на Советот на Општина Кавадарци сметам дека поради достојно и хумано претставување на нашата општина и нашите вредности во однос

на хуманост и солидарност, постапувајќи со висок професионализам и безусловно помагајќи на нашите пријателски народи кога е најмногу потребно траба да му се заблагодариме за нивната хуманост и пожртвуваност со парична награда за вонредно залагање и постигнати исклучителни резултати во нивното работење.

Затоа предлагам дополнителна точка на денешниот дневен ред на 23-та седница на Советот на Општина Кавадарци, со која што ќе бидат одобрени финансиски средства на 9-те (девет) пожарникари при нашата ТППЕ.

Иницијативата почитувани ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

Во архивата на Општина Кавадарци од член на Совет на Општина Кавадарци, советникот Перо Николов има доставено Иницијатива преку архива за расправа за проблемите во лозарството

Го молам Советникот Перо Николов да ја образложи а Иницијативата поднесена до Советот на Општина Кавадарци .

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседател, почитувани колеги мислам дека со време да си ги фатиме работите, лозарството е во полн ек и затоа ја поднесувам оваа инцијатива малце да поразговараме околу тековните состојби, проблемите во лозарството што се соочуваме и што би можеле ние како Совет да помогниме во текот на работењето и да им помогниме на лозарите. Затоа ќе имам пошироко објаснување за оваа точка, ако биде точката на дневен ред. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Иницијативата на нашиот колега советник Перо Николов, ова инцијатива ја ставам на гласање. Кој е за оваа инцијатива да ја ставиме како точка на денешниот дневен ред. Диме. За. Во ред .13.

Почитувани советници дали има други предлози за измена и дополнување на вака изменетиот денешен дневен ред. Нема.

Со тоа го ставам целиот дневен ред, изменет на гласање. Кој е за. 13. Диме. За. Против. 5.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Процедурално. Јас се слагам со констатацијата на колегата Вуко Мелов и ќе ве молам за наредната седница да нема волку голем број на дополнителни точки, во интерес за да не се закочат работењето или некои одлуки што треба подхитно да се донесат. Гласав за измената на дневниот ред, меѓутоа предлагам ако веќе има потреба подобро е 2 седници да одржиме месечно, отколку една на која ќе бидеме веќе изморени и некреативни и не можиме да ги пратиме сите работи толку долго време. Тоа е мојата забелешка. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче . Почитувани пристапуваме кон реализација на денешниот дневен ред.

1. Предлог-Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено

земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и за селата во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Јас прво би го повикал присутниот од општинската администрација да ни го образложи начинот на функционирање и начинот на оваа предлог одлука. Повели Цане.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ЦАНКА ЈОВАНОВСКА: Почитувани советници, Градоначалник, медиуми и останати присутни. Јас ќе дадам кратко образложение на денешната точка со што ќе станат појасни работите, барем така се . Согласно Законот за данок на имот, најновиот закон за данок на имот, кој испадна и почна со примена од 06.07.2021 година имавме обврска сите обврски да се усогласиме со даночните решенија, вклучувајќи ја 2022 година со решенијата за таа година, меѓутоа во комуникација со сите останати општини ланската година никој не го направи тоа усогласување во 2022 година се дадени како во претходниот закон. Значи не направивме измени и не направивме репроценка. Оваа година го превземаме тој чекор, односно правиме репроценка и усогласување на вредноста на имотите. Согласно член 5, став 7 од Законот за даноци на имот обврска е на секои 4 години прават репроценка. Репроценка се прави затоа што пазарната вредност во континуитет се менува зависно од понудата и побарувачката. Кај нас вредноста на станевите порасна значително. Тоа предизвика потреба од промена на зоните, со што би се усогласиле вредностите на станевите со реалната вредност на купопродажните договори. Затоа се направени повеќе анализи во даночното одделение, значи по која вредност се нивните склучени договори на заинтересираните странки, а како со проценките согласно со претходно утврдените критериуми, се добива вредноста кај нас. Оттаму произлезе потребата за усогласување и исто така со новиот закон во член 9 предвидено е намалување на процентот на дворното место. Значи дворното место претходно беше оданочено со процент од 0,10 %, а становите и имотот со 0,05% за станови и за куќи во кои се живее. Сега дворното место ја дели судбината на објектите што се на него и од таа причина и неговата вредност се намалува за 0,05%. Тоа значи дека ние со Предлог- одлуката правиме усогласување согласно законот, а не зголемување или намалување, ги усогласуваме вредностите, односно тука има намалување на стапката за дворно место, зголемување на зонирањето, но кој е ефектот врз даночните решенија, тоа е прашањето што ги интересира нашите сограѓани и за коишто го правиме ова кратко образложение, нормално и за советниците и за граѓаните. Направивме симулација на неколку предмети и сега јас ќе презентирам само два, мислам дека се доволно да го разбериме проблемот. По старата проценка на стан од 70м2 на улица Беласица, значи просечен стан вредноста на данокот на имот изнесуваше 876 денари годишно нели. Со новата репроценета вредност, со зонирањето

кое денес ви го даваме на предлог и со измена на постапката за одданочување на дворното место вредноста на данокот изнесува 984 денари. Значи разликата е 108 денари покачување во тој стан. Најголемо отстапување се јави кај атрактивните локации како што е паркот, новите згради во паркоти кај поголемите станови, нормално спрема квадратурата. Еден таков стан од 80 квадарати на атрактивна локација на паркот по старата проценка вредноста на данокот на имот изнесува 1335 денари, а со новата проценка истиот изнесува 1532 денари. Значи вкупното зголемување е 197 денари на годишно ниво. Има локации каде што нема да се јави никакво отстапување и локации каде што има и намалување дури, тоа се локации кај што зоната се задржува, вредноста на дворното место согласно процентот даден со законот се намалува и тука имаме мало отстапување и тоа отстапување се движи во рамките од 10-200 денари, не повеќе од тоа. Значи заклучокот ми е дека вршиме усогласување, а не зголемување или намалување. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам на исцрпното излагање на Раководителот на сектор финансии при Општина Кавадарци. Дали некој друг бара збор. Повели Павле.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Благодарам на Раководителот за ова детално образложување на Предлог- Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, меѓутоа сметам дека со ова формулирање на зони каде што некои објекти да кажам од недвижен имот, кои што претходно биле во зона 4, сега се во зона 3 или биле во зона 5, сега се во зона 4. Не знам од кои причини, дали затоа што се направил некој тротоар или некоја канализација, треба да се преместат во друга зона. Тоа не е во ред, затоа што тука цената на данокот на имот ќе се зголеми кај тие граѓани и во ова време на кризи не треба да се зголемува данокот воопшто, туку треба само да се зголеме законот со тоа што отстапките во дворното место ќе се намалат, треба да видиме на крајот намалување на данокот на имот, а некој да добијат зголемување на данокот на имот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани. На денешниот дневен ред имаме Предлог- Одлука за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот. Се сеќавате Градоначалникот првиот мандат го почна токму на овој начин со ревалуација на проценетата пазарна вредност која што всушност претставува даночната основа по која што се уврдува износот на данок, односно врз основа на која се даночи имотот и тогаш имавме зголемување неколкукратно на износот за данок на имот и од негова страна можам да кажам дека е итро ова што се прави, бидејќи се дешава на почеток на мандат, па има доволен временски период да граѓаните заборават. Зголемувањето на данок на имот го спомна и Раководителот на секторот ќе се случи заради поместување на зоните,

односно на одреден недвижен имот од една во повисока зона, но исто така проценетата пазарна вредност може да се зголемува дури и за имотот кој што останува во истата зона заради ваша проценка дека истиот е зголемен и на тој начин повторно ќе го зголемите данокот на имот. Има едно правило кое што го дискутиравме тука, а тоа е дека после секое доаѓање на партискиот ревизор одредена локална јавна услуга се зголемува, па така дојди минатата пролет на цената на водата, после тоа дојди есентта се зголеми цената за детска градинка, сега беше на Трифун сега имаме зголемување на данокот на имот и сега ќе испаднете тука и ќе кажете, па види тоа се ваму 500 денари, онаму 100 денари, онаму 200 денари и тоа не било од никакво значење за буџетот на граѓаните, па ако не од никакво значење дај да им ги намалиме за тие суми за што им ги зголемуваме локалните давачки на граѓаните, ако немат никакво влијание врз нивните семејни буџети.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани советници, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Во врска со точката за носење одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување на вредноста на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште на град Кавадарци и за селата во Општина Кавадарци ќе укажам на тоа дека не е време и момент за носење на одлуки со кои на граѓаните ќе им ги зголемуваме давачките по основ на данок на имот. Со оглед на тоа дека имаме поместување од зоните со пониски бодови, во зони со повисоки бодови, ќе дојде до директно зголемување на решенијата што граѓаните ќе ги добијат по основ на данок на имот. Освен што ги покачивме давачките на граѓаните за дневен престој на децата во градинка, покачивме цена на вода, имаме највисоки цени за градски паркинг и за градски превоз сметаме дека и со ова покачување само дополнително ќе ги оптовариме граѓаните, така што со ништо не им помагаме на нашите сограѓани во услови каде што државата изнаоѓа најразлични начини како да им се помогне во намалување на трошоците. Секое зголемување на трошоците по основ на данок од страна на Општината која што располага со буџет близу 20 000 000 евра не е во интерес на граѓаните и повторно ќе кажам дека не е време за носење ваква одлука.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Од место ќе зборам. Сакав само да се консултирам и за мене една нејаснотија и за дел од граѓаните што не ги познаваат работите или не се упатени во прашањето. Ние кога донесовме ГУП опфативме поголем дел од периферијата на градот и сега граѓаните викаат дека доаѓа за ниви што биле претходно земјоделско земјиште и сега се во Генерален План. Прашањето е тоа да кога имаме Генерален План убава работа е и ја оправдуваме таа работа. Дали кога ќе се донесе деталниот план, кога сопствениокот на земјиштето знае дека неговата нива, плаца и го оданочиме е во ред по мое и да го оданочиме кога таму немаме Детален план, уште е

земјоделско земјиште и во тој случај треба да остане истиот данок како претходниот. Значи Генерален план би опфанал некое земјиште кое после 10 години доаѓа Детален План, а јас 10 години плаќам дека сум во градежна зона. Таа давачка е по мое недобра за јавноста, за граѓаните.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, почитувана администрација, почитувани сограѓани. Како и секоја година, така и оваа година Општина Кавадарци транспарентно и отчетно према локалната заедница законите донесени на републичко ниво преку Министерството за Локална самоуправа ги спроведува на локално ниво. Слушнавме повеќе разговори, слушнавме неколку прашања, неколку критики и нормално мало образложени4е од Секторот за финансии. Ќе се навратам наназад и ќе кажам дека Општина Кавадарци во 2017 година имаше 9000 решенија на физички лица за данок на имот. Да сега има 12 700 решенија за данок на имот. Што значи тоа. Тоа значи дека 3700 граѓани биле во некаква повластена тарифа, неевидентирани во системот за оданочување е со нашето доаѓање, правењето на базата и ажурирањето си ги ставивме сите во една иста категорија да секоједен си добива решение за данок на имот толку колку што поседува данок врз основа на катастарски податоци превземени од Катастар. Ако сакате да бидиме како Арачиново да не плаќаме данок, тоа е веќе нешто друго. Јас не би го дозволил тоа и ниеден граѓанин не би го ставил во незгодна ситуација. Значи секоједен си плаќа данок толку колку што има имо. Доколку имаме категории на можност на отпишување на данок на имот од социјални категории и ред други работи, тоа е тема која треба да се разговара и да бидеме според законските регулативи, меѓутоа не можиме основната дејност на Општината е данокот на имот ние да ја занемариме и да не ја почитуваме како таква. Благодарение на тој данок на имот, пак ќе повторам кој што воопшто не значи во вкупниот основен буџет на Општината не е повеќе од 30 000 000 денари од физички лица, а нашиот основен буџет е 600 000 000 денари и е 5% од вкупниот буџет. Сами знаете што може да направиме со 30 000 000 денари. Врз основа на таквата ажурирана база сме пример во државата и во ЗЕЛС за другите општини, сите го превземаа примерот и ги усогласуваа даноците на имот каде што беше најголемиот проблем во една општина да се функционира и врз основа на тоа преку УНДП, ОБСЕ, амбасади и други агенции за развој добиваме проекти и добиваме солидни средства кои што се петократно поголеми од данокот на имот. Само да ве потсетам дека добивме грант од 2,5 000 000 евра од КВФ Германска Банка заедно со Сојузна Република Германија, грант од 2,5 000 000 евра за атмосферски, канализациони, водоводни мрежи, кои што во моментот се спроведуваат и се работат. Во делот на опсегот кој што го зборувате за зонирањето, зонирањето е жива материја и континуирано градот треба да расте, расте, се развива и нормално проценката на данокот на имот како што рековте сте ја направиле ние. Не не сме ја

направиле ние, за тоа си има овластени проценители, луѓе со лиценци, врз основа на неколку параметри, а тоа е врз основа на купопродажен договор кој што граѓаните прават договор во секојдневието, врз основа на атрактивноста на локациите, а не врз основа на тротоарче, канализација или нешто друго. Напротив сами ги знаете цените кои се на пазарот и се уште далеку од оние цени реални кои што ги ставаме денеска на делот на усогласувањето. Проширувањето на зоните во Генералниот план што праша советникот Сакалиев, значи според закон Генералниот план е тој кој што веќе самото земјиште влегува во градежно неизградено земјиште. Деталната урбанизација, самиот збор детална урбанизација покажува врз основа на генералната урбанизација што треба да се предвиди и да се изготви Детален план. Детален план се прави од година до 2, во зависност од опфатот што го опфаќа и во зависност од потребата на сопствениците на самите парцели, сами знаете дека земјоделското земјиште е под Министерството за зедмјоделие, а се што влегува во Генерален План е под Локалната Самоуправа и нормално обврска е секоја Локална Самоуправа да донесе Детален План за секоеедно земјиште каде што има генерална урбанизација. Само еден пример. Ние не можеме да го оставиме тоа да биде земјоделско земјиште кога веќе е во урбана средина. Зошто. Затоа што доколку е класа земјоделско земјиште, тогаш во тој случај можата да се вршат земјоделски дејности. Во тој случај верувам дека секоједен не би сакал да живее на една парцела, а на другата парцела да има земјоделски дејности, некој што би ги вршел од хх причини или било како, затоа е целокупното земјиште во делот на градежната зона градежно изградено или неизградено земјиште. Во Општина Кавадарци градежно неизградено земјиште за индивидуално домување од 25-30 евра веќе немате ни во последните зони, ни во 4-та, ни во 5-та зона. Тоа го покажува и прирастот на делот на невработеноста од 3% и на она сето што значи функционирање на Општина Кавадарци, дај боже така да биде тоа одржливо и понатаки да го следиме, а и примерот за наплатата на данокот на имотот од 97%, без извршни решенија укажува дека граѓаните се соодветствуваат со делот на данокот на имот и си го самиот данок на имот решаваат . И ќе ви кажам само уште еден пример. Да советникот Вуко го спомна тоа. 2018-та направивме јануари усогласување. Неколку компании кои што нема да ги именувам за истиот данок на имот и неколку физички лица, а беа многу, над 1000, 2000 за истиот имот кој што бил прикажан во Општината плаќаа данок на имот, условно зборам 60 000 денари, кога се покажа колкав имот имат, а непријавен во Општината, платија неколку пати повеќе, не за зголемување на цената на данокот него на јавен имот. Само една споредба. Предходно Општина Кавадарци го вршела пописот на данок на имот со сопствени ресурси, вработени во Општината и тоа како формирање на повеќе комисии, одење на терен Добарден-Добарден, ако е пријател тој што правиме попис на данок на имот му пишиме

квадартура 60 квадарти. Е сега кога излезе од Катастар дека има 120 квадрати, а претходно бил занаемарен или на некој начин скриен просторот од 60 квадрати. Ние не сме вооопшто виновни за тоа што не биле оданочени, затоа што не бил впишан во делот на базата на данок на имот. Затоа ги превземавме податоците од Катастар, се што има имот на Катастарот и тие се најточни податоци и многу луѓе кај што имаше грешки, наследни решенија и ред други работи се исправија во делот на самите превземени податоци на Катастарот. Граѓанска обврска е после купувањето на имот во било која општина во рок од 30 дена да се јавите во Општината да си го пријавите имотот кој што наново сте го стекнале за да добиете решение за данок на имот. Таа граѓанска обврска многу малку се практикува, можеби голем дел од граѓаните не знаат и затоа нашата база е ажурна, нашите вработени се ажурни во тој дел за да луѓето не се соочат понатаки со извршни решенија или со нешто што не знаат дека треба да се плате данок на имот. И на крајот ниту Општина Кавадарци, ниту Град Скопје, ниту една општина не живее од данок на имот и мислам дека тоа се многу минијатурни ситуации, а во делот на стремењето, она што го кажа дека Владата се стреми кон ова, она, кон начини да се помогни, ете да се преживее оваа економска криза, оваа невредност на денарот, ете да се намали цената на лебот и ред други работи и влезот во Европска Унија треба да ги информирате граѓаните и да му кажите со самиот предпристап во Европска Унија и ако влезиме еден ден во Европска Унија дека овој данок денеска што го плажаат за имот ќе биде Х 30, да ги спремаме малку и граѓаните. Затоа очекувам па и платите да пораснати да видиме да бидеме Европјани. Ние не може само доброто да го користиме од Европа, а тоа што е како обврска да го дадиме назад никогаш да не го спомниме, така да данокот на имот е занемарлива работа во било која општина во цела држава. Овој закон кој што е донесен денеска е донесен во 2021 година, Претседател на ЗЕЛС Петре Шилегов на Град Скопје и јас еден од подпретседателите и со мнозинство од гласови од токму од градоначалниците од СДСМ кои што беа речиси апсолутно мнозинство во ЗЕЛС. Значи ниту е измислица моја, ниту твоја, него е во 21-ва донесен. И пак ќе ти повторам е добар закон и закон кој што треба да се спроведе за дца ние како општини не правиме непотребно проширување на градот, а ни стојат празни станови, ни стојата празни ниви или градежно земјиште. И уште една работа која што не ја спомнавме. Како општина имаме обврска да плаќаме данок на имот и на земјоделското земјиште. Се што е во атар на Општината на земјоделско з емјиште имаме обврска да наплаќаме, меѓутоа затоа што ниедна општина досега сеуште не го спроведила тој член од законот и ние не го спроведуваме. Инаку ако одиме до крај со законот треба да го наплатиме и земјоделското земјиште и тоа како. Ако земјоделското земјиште сопственикот го обработува и го одгледува се плаќа коефициент 0,15, доколку нивата му стое празна и напуштена се плаќа

0,50 од вредноста. Така да верувам еден ден и тоа некој ќе го дискутира и дека тоа ќе се вметне во данокот на имот. Значи сами сте свесни за законот и го дискутиравме на комисија. Не е ништо спорно, не е никакво покачување, многу лошо звучи кога сакаме да добиеме некој благодет, кога сакаме да добиеме нешто што сакаме да живееме во некоја урбана средина и да ги добием сите обврски, кои што Општината треба да ги испочитува према граѓанството, а ги почитува во моментот 99,9 % и со 24 часовно дежурство на Комуналец, и на Паркинзи, и на Општина Кавадарци и се што му треба на еден граѓанин и во празник и во сабота и во недела со Кол центарот и со дежурства, така да ние мораме да функционираме, а тука доколку има критики од граѓанството јас стојам на располагање да ги подобриме услугите кои што ние ги нудиме и ги даваме на самите граѓани. Општина Кавадарци е отворена општина. Само еден податок. На официјален ден на мојот прв мандат имавме 7900 странки примени, можеби некои од тие се дуплирани да. Ниту една странка не е вратена во Општина Кавадарци и нема ниту една странака да чека прием на странки каде што во поголемиот дел во општините пишува Прием на странки од 13-15, пред, потоа нема влез во Општината. 8 часа работиме 8 часа примаме странки секој работен ден и така ќе продолжиме.Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Повели советниче. Реплика.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не реплицирам. Се слагам со ова што го кажа Градоначалникот и тоа е за пофалба. Не е работата да ја иничариме дека е лоша администрацијата на Советот и на Градоначалникот. Прашањето ми беше конкретно ради граѓаните. И сега ако направиме една споредба во Генерален план двајца луѓе имаат по 2 декари земја и плаќаат за ггрaдежно неизградено земјиште ист данок. На едниот со Детален План му излегуваат плацеви и тој продава плацеви од квадрат по 30 евра. Другиот Деталниот план влегува пат, зеленило, тротоар и 10% му останува да продава плацеви. Ние исто ги даночиме до правењето на Деталниот План двајцата. Е сега што е прашањето. Дали Општината може да ги раздели тие две категории, овие градежни земјишта што имаат Детален план да бидат со една скала, а кај што е само Генералниот план друга скала, земјоделското земјиште што спомна Градоначалникот трета скала. Тоа е најмалку веројатно. Дали треба да има разлика од земјоделско земјиште, градежно земјиште каде што имаме Генерален план и градежно земјиште каде што имаме Детален план. Нешто конкретно јас да знам моето што е улица, дали е тротоар, дали е плац што можам да го продавам. Таа скала и таа разлика дали треба да ја оделиме и дали треба да биде градежно неизградено земјиште Генерален план го опфаќа и си плаќаш 30 години голем данок и на 31-вата година Деталниот план го црта некој стручен што треба и вика мора да е пат, мора да е улица, мора да е линија за струја. Човекот плаќал толку време пари и на крајот ништо.

Значи таа разлика да ја направиме градежно земјиште со Детален план и градежно земјиште со Генерален план. Тоа ми беше прашањето, а немав намера да критикувам. Се што сме правеле е добро. Треба да наплатиме данок. Треба да обезбедиме пари за да се гради улици. Значи парите што ги зимаме од граѓаните, пак ги враќеме на нив. Администрација зима плата и другите работи. Прашањето е дали ние како Совет треба да направиме разлика во даночењето на тие две категории. Тука ми беше Градоначалник прашањето. Немав намера друга никаква.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Баш и така е. Имаме 5 зони сега, а таму каде што немаме план Детален, тие се во 5-тата зона. Обично се периферски тие населби, кај што сеуште не се изградени, меѓутоа за волја на вистината и тие се веќе 60, 70% изградени. Таа е 5-та зона. Ние како Општина имаме обврска по донесувањето на Генералниот План во рок од 3 години секаде да донесиме детални планови. Мораме да стигниме. Значи не можеме да се откажиме од нешто, да речиме , ние не можеме да стигниме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Али додека да стигниме да ги оделиме категориите на даночење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По закон сигурен сум дека не можат да се оделат ради тоа што во таа зона влегуваат, а тука ги повикувам и граѓаните, значи секој што има градежно неизградено земјиште, а нема детална урбанизација и они да бидат поажурни, затоа што е нивен имот, стекнат кој што самата цена на имотот, врз основа на деталната урбанизација си расте, а може некој за лични потреби да си изграде свој сопствен објект кој што ќе го користе. Нашата тенденција во месец мај ќе биде пред вас на Совет дадена комплетна анализа која што ја работиме 9 месеци, заедно со урбанистите од Општина Кавадарци и со урбанистите соработници кои што ги имаме надвор од Општината за проширување на Генералниот План, бидејќи имаме негде околу 600 хектара проширување на Генералниот план. Така да овој Генерален план кој што го имаме сега е веќе исцрпен. Имаме проблем само во 3 моменти, кај што еве прошлиот Совет го кажав тоа маркици кои се определени претежно за образование. Сами знаете на улица Ресавска, кај што Општината направи експропријација за н овата градинка, со изградба од МТСП колку време тој плац стоеше празен, 30 години, точно е, за да се изгради градинка. Е сега такви имаме уште 3,, 4 плаца големи и атрактивни на некој начин, во Глишиќ, во Ваташа, во делот на Коњските дупки за училишта. Значи МОН при правење на Генералниот план си оцртало маркица за училиште. Тука јас мислам дека треба да и прошлиот Совет кажав да тие сопственици на тоа земјиште, еве нека биде повик да дојдат со правен застапник во Општина Кавадарци и си бараат експропријација на земјиштето, не да чекаат 30 години да изграде школо некој и дали ќе го изграде, него штом е упишано земјиштето од јавен интерес, повели купи си го земјиштето, ослободиме и од данок, а

нормално и да си го уновчи, па да си купи на друго место, така да тоа е единствениот начин што треба да се ажурира или јавен интерес улица, зеленило значи се што цртано како јавен интерес треба да Општината заедно со Министерството или само Општината што е во ингиренција на Општината треба да тие земјишта да ги експроприира, односно ги плати према граѓаните, а кога ќе гради веќе е проблематика на самата Општина и на Министерството.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник ако е така со тоа се слагам и сега пример ако направиме една акција од Општината или медиумска или преку Мој Општинар граѓаните да знаат кога во Генерален план кај што има интерес јавен, пат, тротоар или школо да идат луѓето да ги обештетиме тогаш е ок не ги даночиме, ние ги даночиме.Да се откупе земјиштето од луѓето да не плаќаат данок, да биде наше земјиштето.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа не го спориме делот дека да кажам одреден недвижен имот не бил вметнат и не се даночел и не е во ред тоа и добро е да Општината има еднаков пристап спрема сите граѓани, односно ако даночи недвижен имот на еден, да ги даночи недвижните имоти на сите и тоа не е спорно во тој дел, меѓутоа разликите во 2018 година се јавуваа заради поголема проценета пазарна вредност кај лица кои што имаат ист имот кој што се водел и во Катастар и во Општина, а сте им ја зголемиле проценета пазарна вредност која што претставува даночната основа и врз основа на тоа се зголемува износот на данок на имот. Тоа е едната работа. Втората работа овоа што го спомна и советникот Ристо Сакалиев исто го дискутиравме и на Комисијата. Јас се комплетно слагам со неговиот став дека таму каде што има парцела која што е по урбанистички опфат во Генерален план, меѓутоа нема детална урбанизација не е во ред на тие луѓе да им наплаќаме исто како да имаат градежно земјиште и да плаќаат огромни суми за тоа. Откога ќе се направе урбанизацијата и од кога он ќе може да си покрене процедура за почеток на изградба тогаш е во ред да му наплаќаме онака како што е. Овака мислам дека не е во ред. И последна работа. Врз основа на овој закон, исправите ме ако грешам кој што е донесен, требаше да има намалување на данокот на имот заради намалување на 50% за оданочувањето на дворните места, а вие со ова поместување на зони, со нова ревалуација ќе направите да има повторно зголемување, евентуално дел компензирање, меѓутоа во одреден дел зголемување на даночната обврска за данок на имот.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, медиуми, граѓани. Значи во контекст на тоа што разговараа претходно колегите, значи за што дискутиравме претходно, значи се работи за изменување на Законот за даноци на имот од Службен Весник 151, 2021, од 06.07.2021 година. Вака значи претходниот Закон за данок на имот, стапките за данок на имот беше 0,10% односно 1 промил тоа доаѓа, а сега Законот изнесува од 0,10-0,20. Значи пак Општина Кавадарци го применува 0,10 стапката или 1

промил или согласно член 9 од Законот на данок на имот 50% намалување, односно 0,0005 од данокот на имот. Што кажува овој закон. Овој закон ни укажува дека можеме ние да го зголемиме данокот за имот од 0,10 до 0,20, но Општина Кавадарци тоа уште не го применува. Друго од член 6, став 3 кои работи ни ги кажува што Општината сега постепено некои ги применува, значи како што кажа претходно нели и колешката Раководител на сектор финансии, колешка по струка, значи кажа дека во целост Општината уште не ги применува. Тој Закон нели ако се залагаме за намалување на данок на имот, знаеме кој го донеси, Владата на СДСМ и пратениците и тогаш мнозинството од општини беа од СДСМ. Значи сега таму вика став 3 Стапките на данок за имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство се зголемува за 3 пати во однос на стапките пропишани. Став 4. Стапките на данок на имот во градовите и општините во сопственост на физички и правни лица кој не се се користи од сопственикот или не се издава под закуп подолго од 6 месеци, во текот на една година се зголемува за 3 пати. Значи овој закон односно измените од 2021 година, кои знаеме нели кој ги донесе, значи укажува на зголемување на тие стапки и даноци, да не ја замајуваме тука јавноста дека мнозинството на Совет сака да врши зголемување. Со ова значи претходно со закон не обврзуваат за зголемување на данокот на имот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници значи јас морам да се надоврзам на законот пошто 21-ва година делумно учествував и сум вака подробно запознаен со законот. Еве само еден пример кај што сакам да го слушнат ова граѓаните и дали ќе го оправдаме ова како советници и дали е убаво. Значи во моментот вие имате во строг центар на градот Хотел Балкан, го знаете сите и нашите претходници и ние го знаеме, руина во градот, напуштена повеќе од 12 години, сколоно кон пандемии, епидемии и ред други работи и не сме моќни како Општина да превземиме ништо, небезбедна за пешаците, за луѓе кои што движат. Стаклената зграда што е до Хотел Балкан, стакла паѓаат од неа, небезбедна, неосигурана и сега овој закон кога е донесен, тој таков стратешки објект досега плаќал данок, точно знам затоа што такви стратешки објекти кои се напуштени, а треба да бидат во функција на граѓаните, плаќаат данок од 400 000 денара. Сопственикот на тој хотел вика 400 000 денари повели Општина Кавадарци, мирна глава цела година, ќе стои руина. Јас вака си викам Добро ако дојде некој шеик од овие Емиративе ваму доле и го купи центарот на градот и го заклуче цел центар, ние треба да се иселиме во друг град. Буквално ќе станиме град на духови. Значи мора да имаме методологија, мора да имаме закон, како ние тоа да го натераме него да го ставе во функција или да го отуѓе. 3 се начините. Еден е со начинот со зголемување на данокот на имот, таму мислам дека е до 5 пати за јавен интерес за хотел. Ние таа методологија сега ќе ја применуваме. Хотел балкан нема сега да плаќа 400 000 данок на имот, ќе плаќа 2 000 000. Е сега кога плаќа

2 000 000 и 400 000 ќе биде, јас мислам ќе биде тангиран и ќе рече дај да видам, ќе го ставам во функција да плаќам 400 000 денара. Значи верувам дека никој не сака такви објекти да ги гледа напуштени. Значи тоа е данокот на имот или второ замислете ако ние имаме од секоја зграда по 30%, 20% празни станеви, а плаќаат нормален данок на имот, а правиме нови згради, тоа не е во ред. Значи и за тоа треба секој објект да си најде своја функција и секој објект да биде функционален и нормално градот сразмерно да се движи. Тоа не е само проблем во Кавадарци. Најголем проблем го има Охрид и град Скопје, затоа што знаете Охрид 70% се туристи кои што доаѓаат од страна, 10 дена 15 во годината, а има стан од 50, 60, 70 квадарти нефункционален. Така да мислам дека Законот во делот на некористење на објекти и нефункционалноста, поготово во централното градско јадро треба да биде уште поригорозен, ако сакаме да имаме центар и град и треба да биде уште со поголеми овластувања на Општината, да доколку тој објект не е 10 години ставен во функција да имаме право да најдиме начин, правен основ како да го натераме да го ставе во функција, затоа што пред се е јавен интерес, хотел, па макар и индивидуално домување да е, било што. Знаете колку склонопадни објекти ги решивме за 3 години, повеќе од 5 куќи кои беа склонопадни, кои што беа напуштени, а ризични за луѓе кои се движат, деца, пешаци или било кој. Така да данокот на имот е само еден документ каде што треба да го поседуваш имотот и еден доказ за твојот имот дека ти си платил данок, а ваквите стратешки објекти јас би бил уште поригорозен за јавен интерес кога станува збор и напуштени објекти како Хотел Балкан. Хотел Балкан да е ставен во центарот во функција јас мислам дека Кавадарци ќе доликува уште на подобар град. Мислам дека се согласувате сите во тоа и затоа треба да бидеме сите разумни и да можеме да придонесиме. Ако претходно Раководителот на сектор кажа дека еден стан од 70-80 квадрати годишно е 800-900 денара данок на имот, тоа е месечно по 60-70 денари. Мислам дека е минијатурно. Не зборам за вредноста на средствата. 60 денари во продавница сега вие имате, не знам што имате ништо. И тоа месечно зборам. Така да во тој дел да бидиме објективни, да размислуваме разумно и не заборавајте никој не го спомнува правниот дел, односно правните физички, правните лица. Знаете дека Општина Кавадарци е единствена, редок пример каде што правните лица плаќаат повече данок од физичките лица. Само ИГМ компанија со имотот што го поседува решението за данок на имот му е над 10 000 000 денари. 10, 2 мислам дека беше денари данокот на имот. Најголем даночник како обврзник према Општина Кавадарци, по основ на данок на имот. Да има имот, има квадратура 10, 2 000 000. Значи 30% од цело население што плаќа он плаќа, еден правен субјект данок на имот. Така да правните субјекти го плаќаат 60% од бруто износот на данок на имот на Општина Кавадарци. И последно јас сум поборник и на комисија го кажав тоа секоја месна и урбана заедница, то го плаќа данокот на имот, ние 3-4

кратно му го враќаме назад, дали е тоа Браќа Досеви, дали е Слога, дали е Центар или било кој. Сите други пари по основ на други работи што се сливаат во Општина Кавадарци ние ги удоволуваме и ги враќаме. Ако одиме по методологија да Бојанчиште плате данок на имот, па ние вратиме таму толку пари никогаш нема да напправиме ништо во тоа село. Сам кажа и советникот Златев и тоа е така 38 000 000 денара оваа година се одвоени за селските средини за инвестиции. Ете го цел данок од сите граѓани. Само за селските средини, за комунална изградба, али имаме многу убави точки понатаки, ќе ги видете точките и од Плански Вардарски Регион и од Дирекцијата за регионален развој и од министерствата што тука треба да дискутираме и тие пари ќе ги прибериме со наше кофинансирање бидат ликот на руралните средини, а исто така изградба и на градот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Имаше некња баш еден на социјалните мрежи за Град Скопје имат проблем со издадените решенија за градба во корелација со приходите за данок за имот. Како е во Кавадарци Градоначалник врз основа на издадените решенија за градба.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По тековните и по колегиумите што ги одржуваме неделно значи Општина Кавадарци постави еден систем софтверски, меѓутоа и човекови во делот и на правната служба и на финалната служба и на комуналната изградба на секторот. Значи секој легализиран објект по автоматизам ние го внесуваме во базата на данок на имот. Секој купопродажен договор по автоматизам автоматски го внесуваме новиот сопственик за издавање на данок, а во делот на новоиздадените градежни дозволи се до упис на имателот, оној што го купил станот, не можеме ние да го оданочиме тој стан, односно доколку градбата биде завршена во рокот, секоја градба по решенија има рок најдоцна до 2 години да отпочне со работа, а најдоцна за 10 години да ја заврши самата градба, дали е икндивидуално или колективно. Значи по завршувањето на градбата доколку самата компанија не ги продаде станевите или инвеститорот не ги продаде, данокот на имот, потпишувањето му се пресметува на самиот инвеститор. Така, а во делот на купувањето, во истиот момент кога се праве купопродажниот договор од тој датум се зима квартално и се пресметува данокот на имот. Условно кажано ако некој купе стан во мај месец данок на имот ќе плате 70% од вкупната вредност, 3-те месеци поминати од тој ден наваки издавано во решение за данок.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани јас сум за реален начин на оданочување, без никој да има замерка на начинот на оданочување врз основа на законот. Што значи тоа. На пример сите ние и граѓаните треба да бидат свесни дека купопродажниот договор има една вредност. Припремајќи се за оваа седница направив некоја анализа и видов дека купопродажните договори за некои објекти што ми се мене познати носат една вредност, а во баката вредноста кога се издава под хипотека

тој објект или семејна куќа имат многу поголема вредност. Значи треба сите да бидеме свесни за тоа, меѓутоа тоа е за делот во нагорна линија кога би одело оданочувањето и утврдувањето на даночната основица, меѓутоа тука како што разговаравме со дел од општинската администрација немаме начин како тоа да го изедначиме и не е коректно ние да бидеме тие што ќе ја зимаме вредноста проценителите од банка што ја направиле, меѓутоа во надолна линија јас сум за во определени зони да има разлика. Зона А или прва зона е на пр. од овде општинската зграда и накај Фуџи и Стопанска Банка и лево накај Габерот, ОУ Димката Ангелот Габерот, што значи при утврдувањето на данок на имот на сопствениците на становите што се над Фуџи и над Стопанска Банка не може да бидат исти со оние што се над деловните простории кај што е мојата канцеларија, кај Габерот школото, а така е и така вршат проценка нашите служби од администрацијата. Вика во растојание у таа таа зона припаѓаат во растојание од општинска зграда колку метри таму припаѓа во таа категорија и исто се оценуваат и за утврдувањето на данокот на имот и за утврдувањето на данокот на промет кој што го плаќаат при тие трансакции. Значи ова како предлог, како начин на размислување наше за да биде реално оценувањето и утврдувањето на даночната основица.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не спомна колегата само дека дворното место кое што претходно во куќата во која што живееше ако претходно ти ја даночеле со 0,1 % по новиот закон ќе ти ја даночат со 0,5%, со 0,005. Да. Законот ти дава можности како Совет и Општина да си одлучиш сам на која стапка ќе го утврдиш данокот нели. Не ти го зголемува туку ти дава едноставно можност значи данокот врз основа на законот е намален, врз основа на тоа намалување за 50% и ако сакаме ние како општини и веројатно еве Градоначалникот како претставник во ЗЕЛС треба да се борите да почне, бидејќи имотот е во суштина еден од облиците на богатство, да почните да се борите да има поправедност во тој дел на оданочувањето, односно оние имоти кои што се да кажам од аспект на луксуз викендици ли, имоти со поголеми вредности да се даночат со повисоки даночни стапки и да поголем терет од данокот на имот да паѓа на терет на побогатите граѓани, така јас мислам дека е фер.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој бара збор. Значи никој. Првата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. 12 за. Против. 7.

2. Предлог-Одлука утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. 12 за. Против 7.

3. Известувањесо арх.бр.22.23.6-1-518/1 -23 од 31.01.2023 година за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2022 година ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Сакалиев.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Некој од институцијата да образложе.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Они се поканети ако имате конкретно прашање..Ќе ги повикам службите ве молам повикајте претставник од Одделението за внатрешни работи Кавадарци за поставените прашања што се планират. Одиме на наредната точка. Ова точка ќе се повика кога ќе дојде. Значи Известувањето треба да биде од Одделението за Внатрешни работи Кавадарци за 2022 година претпоставувам Благица. Ајде викните ја Благица. Одиме на наредната точка од денешниот дневен ред.

4. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА„ КО Кавадарци со плански период(2020-2025);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само момент. Известите официјално и направите пауза да присуствува.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас предлагам во интерес на времето да не го обременуваме дневниот ред. Ќ е ги замолам значи службите, Секретарот на Општината нека се јаве до Секторот за Внатрешни работи Кавадарци и да замолиме да дојде нивен претставник, бидејќи советникот има прашање, сака да си потпраша нешто, сосема коректно е. Во ред.

6. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички Планза Урбана единица 5, Блок 5.10„Цветан Димов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период(2018-2023);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само една секунда. Бидејќи има гледам неусогласување со одредени парцели, односно врз основа на Детален план е утврдено одредена парцела и после со одредени доградби одредени објекти излеваат надвор од парцелата. И сега ние што правиме. Ја утврдуваме во суштина парцелата на оноа што е фактичка состојба. Јас би апелирал да не се случуваат такви ситуации и да тука од Општината си поведат поголема контрола во делот на градба се со цел да немаме девијантни појави во делот на градењето и нелегално градење, да се доведуваме до вакви ситуации каде што ќе ја усогласуваме фактичката состојба на терен со оноа што е по план.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колку што се сеќам на Комисијата на урбанизам за оваа точка се работи за новата улица што треба да се пробие пред зградите каде што се прават.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не е само тоа, туку е плус и усогласување.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: На Комисијата не ни беше кажано дека и тераси се усогласувале. Таму нема ништо изградено во тија дел кај што е, нема изградено.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Види кога се мења цел план го опфаќа цел плански опфат и кога го мењат Деталниот план прават и усогласување врз основа на она што е фактичка состојба. Тоа ми беше поентата. Да не се доведуваме во вакви ситуации општинска администрација нека си поведе контрола во однос на надзорот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Против. Нема. Воздржани.5 воздржани.

Значи еве со Ленчето разговаравме со Одделението од Внатрешни работи, ќе дојде претставник и ќе бидеме запознати со тоа.

Значи за оваа точка 5 воздржани, останатите беа за.

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.Диме. За.

8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Едногласно.

9. Предлог-Одлука за распределба на финансиските средства на пријавени апликанти согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

11. Предлог-Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Значи цените за износ на комунален смет во селата Дабниште,Горниково и Раец, населбите кои гравитираат кон

Тиквешкото езеро, како што се Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово се планира со ова предлог одлука да плаќаат цена за износ на комунален смет, иста како и во урбаните заедници, односно исто како и во самиот град Кавадарци, односно 2 денари по м2 покриена површина и 0,5 денари по м2 за дворна површина, но не повеќе од 160 м2. Сметам дека не се продуцира иста количина на отпад таму и во урбаните градски средини, не е иста експлоатацијата во текот на 365 дена на објектите во кои што живеат граѓаните и овие објекти кои што пред се се викенд куќи и се користат во летниот период, затоа што таму се случува и по 2 месеци воопшто да не се користат, а некој треба да им наплаќа исто како и во градските средини. Сметам дека овде треба да се оди со пониски цени или да се усогласи еден паушал минимален за сите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа тука ќе се соочиме со одреден проблем, бидејќи одреден дел од граѓаните кои што имаат куќи овде по мои информации имаат легализирана куќа, меѓутоа не и дворно место, а некои имаат и куќи и дворно место и ќе се доведиме во ситуација да на некои им наплаќаме одредена сума, а на други да не им наплаќаме воопшто во тој дел. Втора работа се согласувам со советникот Павле, а тоа е дека не е фер да исто наплаќаме за различни делови од градот, кај што граѓаните добиваат различна услуга. На пример ако во централното градско подрачје е поголема фреквенцијата на износ на смет, во делот на јавна чистота, во делот на миење, одржување на јавната чистота на одржување на улиците, во делот на јавното зеленило и ако граѓаните кои што доаѓаат од руралните средини факт е дека не ги користат во ист интензитет, односно не добиваат иста услуга. Мислам дека е некоректно да им наплаќаме иста цена по било кој основ на сметката за комунални услуги. И гретиот момент во делот на временскиот период во кој што истите се користат пошто станува збор за одреден дел, за викенд куќи, кои што се користат само во одреден временски период на годината да ние им наплаќаме за иснос на смет во текот на цела година кога во суштина нема продукција на отпад во тој временски период.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: По однос на ова прашање би појаснил само дека таму е предвидено изнесување на смет среда и сабота. Значи двапати, исто како и кај нас што е во градско подрачје, во втора зона. Значи среда и сабота имаме предвидено изнесување на смет и мора да земете во обзир и одалеченоста таму нели, самите трошкови на возилото. Значи мора да го земиме и тоа во предвид, така да ние трошокот го правиме, среда и сабота има и обавестување пуштено дека ќе се изнесува сметот, така да мислам дека цените се оправдани со овоа и покриени.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Сум спомнал и претходно на Совет кога сме имале. Горе во руралниот дел кај што се изнесува смет и нормално е дека има трошкови Комуналното Претпријатие повеќе. Дел од водоводните

линии што не се од Лукар него се од други извори и се сопственост на Општина Кавадарци, а ги стопанисуваат месните заедници. Тоа не правно издржано, ама нема друг начин. Е сега секогаш било дали може да се договориме со Комуналец барем дефектите што настануваат во тие таквите локални водоводи ги превземе Комуналец, да не дозволиме самоволно селаните да сечат црева, да тураат спојки и пак да направат некој проблем со водата. Дали тој дел може Комуналец како обврска да го превземи према овие села горе што немаат водоводи врзани со Лукар. Кога ќе доаѓа до дефект. Сме разговарале и јас сум разговарал на тие точки може и 15 години, никогаш не било решено, по малку има напредок, ама не е баш дефинирано. Значи дефектите што доаѓаат на водоводите дали се надлежност на Комуналец или не се Комуналец да ги превземе. Не се некои трошкови големи, со цел да не чепкаат во водоводни мрежи луѓе што не се меродавни, исто во јадење да ти чепкат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кажавме минатиот пат за да го превземе тоа како Комуналец треба микробиолошка анализа да се направе на тие водоводи. Значи тоа го спомнавме како проблем. Оти за да се пуште и да ја превземе одговорноста Комуналец на тие селски бунари или селски пристапи на вода ќе треба да се праве и микробиолошка проценка на водата за да се функционира, хлорирање. Токму во тој правец мислам дека беше.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседател во тој правец, ама да земиме чекор по чекор, не можеме сите села одеднаш да ги земе Комуналец. Нека тргнат малку, чекор по чекор. Нешто да правиме, пошто тие водоводи некогаш кога ги правеле, инвеститор е Општина Кавадарци и сопственик е Општина Кавадарци и она ако ги оставе загадени, ако проблем се деси, значи одговорноста е на Општина Кавадарци и сега ние викаме чекор по чекор, да, се што треба нека направат, да одиме малку по малку чекор по чекор, да имаме налку напредилок.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи во овој дел сега треба да влезиме во математики колку чини едно собирање на смет во рурална средина, колку во центѕрално градско подрачје, а моментот каде што вие можете на пример во зимски период кога не се искористува делот од тие викенд куќи да не пратите дури ниту еднаш возило да оде и да товара смет таму. Се знае таму во кој временски период е најголема фреквентноста и искористеноста на тие куќи. Така да сметам дека и од тој аспект неоправдан е тој дел. Јас се залагам да посебно кога станува збор за добивање на одредена услуга да таа се наплаќа и цената се утврдува врз основа на услугата која што ја добива граѓанинот. Ако граѓаните плаќаат иста сума, а добиваат различна услуга за тоа, јас сум против таква работа. Тоа ми е клучната поената.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор. Бидејќи не бара, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Добро. 12 за. Против. 5 против. Воздржани. 1 воздржан.

12. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Според овој План за изменување и дополнување на Годишниот План за вработување гледаме дека Општината моментално има 135 вработени и планирани се 86 вработувања. Според некои податоци кои што ги добивме дека претходно бројот на вработени бил околу 85, 6. Сега 135, а ако продолжи трендот на вработување се поизвесно е дека бројот на вработени ќе се дуплира до крајот на вториот мандат на Градоначалникот. Голем број на вработени се со договор на дело или договор на определено и за плати се одвојуваат скоро половина милион ( 500 000) евра. Сметаме дека треба да се работи рационално, а не Општината да служи само за вработување и за удоволување на некои барања. Затоа треба економски и домаќински да се работи со Општината, а не по секоја цена да се исполнува бројот на вработени. Да се сервисираат услугите на граѓаните навремено, но не да се оптеретува општинскиот буџет.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи 1 000 000 евра изнесува трошокот за плата на вработените во Општина Кавадарци и уште 30 000 000 денари даваме за договор на дело.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Против.

13. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

14. Предлог-Одлука за давање согласност на ЈП „Комуналец„ Кавадарци„ за поставување на фотонапонски електроцентрали, без надомест, на кровна конструкцијана објекти сопственост на Општина Кавадарци;

Никој не бара збор. Ја ставам на гласање.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Поради информација на јавноста би сакал да укажам на значењето на оваа одлука што пред малку ја донесовте. Значи ЈП Комуналец Кавадарци е едно од ретките ЈП што остварува добивка, што ланската година исплати 13-та плата и што платите се така на едно добро завидно ниво. Во моментот поседуваме 5 МХЦ –ли каде што на гравитациониот систем Лукар произведуваат ел. енергија и ЈП Комуналец акумулира средства, врз основа на произведена ел, енергија, хидро енергија, односно од самата вода која што гравитира и тоа вака воопшто не се мали средства. Во зависност од Берзата на пазарот од 5-9 000 000 денара месечно. Со поставувањето на овие кровни конструкции на неопределен период на ЈП Комуналец, ЈП Комуналец од утре ќе почне да изготвува проекти за поставување на фотопанели со некаде инсталирана моќност од 1 mw за производство на ел. енергија со цел за продажба на самата

ел. енергија и за потребите на ЈП и очекувањата се да нашето ЈП со поставувањето на овие фотопанели од 1 mw, кој што нормално директорот и менаџментот ќе направат консултански информации и елаборати и проекти. Инвестицијата сигурно ќе биде околу 600-700 000 евра, ќе одиме со поволна кредитна линија, со нормална економска анализа за рок за исплата, ќе биде дополнителен приход во делот на самото ЈП за прибирање на средства од обновливи извори. Ова не е за профит на ЈП и за подигање на плативе, има директен импат врз основа на цената на коштање на м3 вода. Цената на коштање на м3 износ на комунален отпад на отворен и затворен простор. Зошто. Затоа што Регулаторната Комисија кога ги дава цените на секои 3 години за формирање на цена за јавна услуга на Комуналното претпријатие ги дава врз основа на приходите, расходите и затоа Општина Кавадарци во моментот има најефтина вода во цела држава од негде 18,5 денари по м3 и многу поевтина цена на м2 дворно место и покриен простор за изнес на комуналниот смет и обврските си ги завршува во едно професионално добро ниво, а сами сте сведоци дека во изминатиов период многу јавни претпријатија вклучувајќи го и Водовод Скопје ги подигна цените на услугата на износот на комунален отпад и на цената на услуга на потрошен м3 вода. Така да ова е една инвестиција исто како што беше претходно инвестиција и на Хидроцентралата, од подолгорочен план и развој да ЈП има независни приходи и во делот на обновливи извори. Верувам дека во брз период ова ќе го изанализира, ќе ги направат проектите и оваа сезона, вкјлучувајќи го мај, јуни предтендерирањето да можеме овие фотопанели да ги поставиме и поседуваме централа, фотопанелна од 1mw за прроизводство на ел. енергија. Општина Кавадарци нема да застане тука со обновливите извори, самите сме веќе влезени во системот на Светска Банка преку Министерството за финансии за неколку проекти во делот на образовниот систем, спортски сали, предучилишното образование, каде што со кофинансирање на Светска Банка и со давање на поволни кредити ќе се инвестираат фотопанели за производство на ел. енергија. Така да од ова благодетот ќе го имаат на крај граѓаните, само во делот на трошокот на износот на комунален отпад и потрошена вода на м3.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Оваа е изгласана. Едногласно помина.

16. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на фекална канализација во с.Долна Бошава;

Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Пак за информација на јавноста. Значи во Долна Бошава се изработи комплетен канализацион систем со вредност некаде околу 4 000 000 денари ми се чине дека беше отприлика. Значи Долна Бошава за прв пат добива канализационен функционален систем за канализациона мрежа. Од денеска треба да му се даде на владение, на трајно владение канализациониот систем на ЈП Комуналец да може сите жители и оние кои што гравитираат во тоа подрачје да го користат овој

канализационен систем, со тоа учинувајќи да и самата екологија, меѓутоа и нивото на селата и руралните средини го подигниме на повисоко ниво. Знаете дека Долна Бошава пред исвесно време доби водоснабдителен систем, сега канализационен систем. Така да мислам дека Општина Кавадарци е во добар правец заедно со Бирото, односно Дирекција за регионален развој да овие рурални средини се развиваат и да бидат понаселени.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да гласаме за точката за Долна Бошава. Едногласно. Се враќаме на точката

Известувањесо арх.бр.22.23.6-1-518/1 -23 од 31.01.2023 година за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2022 година ;

На барање на советниците и на барање на советникот Ристе Сакалиев беше побарано да викниме лице од ОВР Кавадарци, па повелете советници ако имате некое барање за прашање до претставникот од ОВР Кавадарци, Командирот .
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: ......
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас мислам дека тоа во Извештајот што беше даден беше опсежен и беше направен.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:....... Секогаш претставник или комадир во 5 реченици го дава извештајот, колку вакви, колку такви. Тоа ми е целта.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: На Комисија, еве и материјалите се присутни внатре и комплетно има опсежно известување од СВР ОВР Кавадарци. Немаше потреба од тоа. Може да испаде и човекот и да го каже истото. Повели командире.
КОМАНДИР НА СВР ОВР КАВАДАРЦИ САШКО ДИМОВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Совет, почитувани советници. Вчера имавме Комисија во врска со Извештајот за работата на ОВР Кавадарци за 2022 година. Накратко ќе ви кажам во што се состои тој извештај, мада мислам дека го имате сите. Во врска со јавниот ред и мир ОВР Кавадарци во 2022 има намалување во однос на 2021 со -12,2% односно има пријавено 101 прекршок со претходната година 115. Само морам да ви потенцирам дека претходната година беше една меѓу подобрите години во врска со јавниот ред и мир. Така да ланската година е уште подобра. Има намалување во врска со пријавените физички напади кај што имаме 48, а претходната година имало 70. Во делот на јавниот ред и мир, во врска со сите прекршоци се превземени сите мерки и се поднесени сооодветни барања до надлежен суд. Во врска со спортските натпревари, обезбедување на спортски натпревари ОВР Кавадарци има значително зголемено обезбедување, односно ангажман најмногу не само на СВР Велес, него и во другите сектори така што имаме ние ФК Тиквеш прва лига, имаме кошаркари Еуроникел прва лига, Ракометен клуб така да имаме зголемен ангажман на овие обезбедувања каде што прошлата година имало 123, а сите поминале без ниеден најмал инцидент. Во делот на криминалот можам да ве информирам дека прошлата година имаме намалување во однос на пријавени кривични дела, а тоа се 387, споредбено со 2021 448. Значи имаме еден значителен процент на намалување на кривични дела.

Ефикасноста е околу 50%, што е добро на ниво на МВР. Во другиот дел не сакам да се задржувам на овие статистики. Имаме едно пријавено убиство, скриено убиство, поплаки, сообраќајните незгоди, поднесени се прекршочни пријави споредбено со ланската околу исти број е тука некаде, сообраќаните незгоди се образложени секое посебно причинителот на сообраќајната незгода. Јас мислам ако имате некое прашање. Превентивни активности се превземени доста. ОВР Кавадарци имаме на ниво на СВР најмногу, бидејќи имаме тука и двајца инспектори за превенција кои што си ја бркаат работата и имаме чести средби со граѓаните. Во делот на Извештајот или за нешто друго ако имате стриктно прашање повелете.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Командире.Почитуван советник повели.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Што беше целта на моето прашање. Овие податоци што ги слушнав од Комадирот се добри, подобри од претходната година, а интересот на граѓаните и нашиот интерес е да што помалку жртви има во сообраќајки.. Ако паѓа таа бројка е добра. Ние сакаме да е 0.Сакав да прашам со овие хакерски напади, со овие објавувања подметната бомба во школо, мислам дека тука МВР на ниво и на државата и Кавадарци сега да не правиме споредба дека дали нема систем, дали немат стручњаци тука сме многу слаби, хакерските напади, подметната бомба ваму, таму, а тоа е и оптеретување за МВР да доаѓаат од Скопје тука да прават стресови на децата. Тоа е една работа што ме интересира и ме интересира овие кривични пријави, сообраќајни прекршоци не, ме интересира телото, луѓето, граѓаните која категорија се. По мое видување и по контакти тоа е категорија на ромско население и овие најсиромашните и тука граѓаните размислуваат, а јас морам да ги застапувам и викаат МВР има тука селективен пристап. На таа проблематика сакам да размислуваме како МВР и како советници и како Градоначалник. Дали МВР има селективен пристап , која категорија се овие што ги пишиме кривичните пријави и проблемот со хакерските напади особено на училиштата подметнување на бомби. Таа проблематика малку да ја анализираме. Инаку со Извештајот фактите што ги дадовте Командире се во надолна линија и тоа е добро, не може одеднаш да падне на 0. Тоа ми беа прашањата и повеќе сакав јавноста да види дека МВР удостојува нели. Дала записник, јас го читам и никој нема да го слушне, нема да го виде. Значи институциите и овие малите институции, МВР е голема институција даваат отчет и со две реченици објаснуваат. Целта ни е дека треба Советот да го удостоите со ваше присуство.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред за тоа и го повикав ме Командирот . Присутен е. Не можам да те разберам сега. Прашањето ти е за селективниот пристап на изнесувањето на кривични пријави. Ама види сега тоа ти е констатација. Тоа не е прашање.
КОМАНДИР НА СВР ОВР КАВАДАРЦИ САШКО ДИМОВСКИ: Во врска со првото прашање за хакерските напади можам да ви кажам дека тоа е проблем на цело МВР. Ние во Кавадарци имавме неколку најави, односно дека има подметнати бомби, ги превземавме сите активности тогаш,

имавме и со Градоначалникот и со сите директори одма состанок, веднаш каде што разговаравме на таа тема и мислам дека се насочивме како треба да делуваме во тој дел. Во Кавадарци во тој дел можам да кажам. Не. Можам да кажам за Кавадарци Општина, пошто ја претставувам оваа општина, за другото мора на друго место прашањето односно МВР. Во делот на сторителите на кривични дела можам да ви кажам како што има и во Извештајот, од вкупниот број на сторители во 2022 година, а тоа бил 235, 230 сторители се јавуваат како повторници во сторување на кривични дела, значи имаме повторници на сторители на кривични дела. Околу категоријата на луѓе секој што е извршител на кривични дела ќе биде соодветно санкциониран.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Конкретен да бидам. Прашањето ми е директно. Вие кој го бркате, тој го фаќате. Дали сите ги бркате исто. Ај да бидеме подиректни.
КОМАНДИР НА СВР ОВР КАВАДАРЦИ САШКО ДИМОВСКИ: Значи можам да ви кажам. За нас постојат чесни и поштени граѓани и сторители на кривични дела, а околу националаната припадност и верската и било каква нас не не интересира.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Насоката беше абе кој да го бркаш ќе го фатиш.Дали ги бркате.
КОМАНДИР НА СВР ОВР КАВАДАРЦИ САШКО ДИМОВСКИ: Значи сите ги бркаме ако е сторител. Јас мислам дека знаете точно дека сите ги бркаме.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче, Командире мислам за волја на вистината муабетот тука треба да го завршиме. Дали има некој друг прашање, Повели Златевски.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Ќе ја искористам приликата на вашето присуство ме интересира едно. Еден податок. Во делот на користењето на наркотиците кај малолетниците. Голем број граѓани сами кажуват дека ги гледат тие лица што стојат пред некои основни училишта, а дека вие не сте превземале мерки. Дали е тоа така и каков е порастот на корисници. Дали имате податок вие или треба од Медицински Центар тоа да го знаат , дали се зголемува бројката на корисниците на наркотици кај малолетниците или се намалува и дали таквите сторители, тие дилери што ги злоупотребуваат малолетниците се евидентирани кај вас и дали го повторуваат делото.
КОМАНДИР НА СВР ОВР КАВАДАРЦИ САШКО ДИМОВСКИ: Ви благодарам на прашањето. Во делот со недозволената трговија со наркотични дроги факт е дека е тоа глобален проблем. Го знаеме тоа. Во делот на констатацијата дека се јавувале граѓани, не сме превзимале, треба да дебатираме поединечно. Значи кој ќе се јаве на 192, таа пријава се евидентира, се снима и ние сме должни да реагираме на тоа. Доколку има уживање на наркотични дроги на јавно место, тоа е прекршок од Законот за јавен ред и мир, член 20 каде што ние констатираме и превзимаме,поднесуваме соодветна прекршочна пријава. Во другиот дел каде што имаме продажба поголема количина на дрога НККРК Кавадарци во 2022 и во Извештајот е

спомнато дека има извршено 22 претреси, меѓу кои запишана е и која количина на дрога е пронајдена. Имаме регистрирано кои се зависници од дрога. Во Метадонскиот Центар тие си подигаат, него треба соодветно таа дрога да ја аплицираат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на хакерските напади што беа актуелни да кажам последниот период, јас се надевам дека ние како држава ќе почниме многу повеќе и да инвестираме и да работиме и тоа се работе, меѓутоа треба да знаеме дека е еден глобален проблем во однос на тој дел, бидејќи на тој начин всушност се прават хибридни напади со цел одредена дестабилизација на одреден земја и тоа не е случај само во Македонија, а во секој случај треб да се подигнува капацитетот за одбрана од таквите напади . Во делот на наркотичните средства јас се сеќавам дека МВР плус и ОВР Кавадарци учествуваше дури и во една голема акција, мислам 2021 година, во која што беше вклучена и ОВР Кавадарци на разбивање на ланец на наркотици минатата година мислам дека имавме повторно фаќање на одредени лица кои што продаваат и прават на тој начин кривично дело наркотични средства и таа работа и е борба која што се одвива во континуитет, бидејќи тоа е исто така проблем кој што е да кажам нерешлив и го има секаде, дури и во оние најразвиените земји, меѓутоа треба да се трудиме да тоа ниво биде што е можно да кажам помало и третиот момент мислам дека правно формално поставено ситуацијата во голем дел ОВР или МВР во еден голем дел постапува врз основа на сугестиии и врз основа на наредби од страна на Јавното Обвинителство, па во однос на она што претставува селективен пристап, ако некој смета дека има мислам дека треба да ја побараме малце вината и на други места, а не само во МВР.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро јас да се заблагодарам на исцрпното излагање на Командирот, на прашањата од советниците. Верувам дека и на Комисија ги имавте сите елаборати кои што требаше да ги изанализирате за 2022 година. Морам да потенцирам неколку работи. Значи Општина Кавадарци 21-ва година е меѓу најдобрите општини во Републиката по однос на жртви во сообраќајот на територијата на Општина Кавадарци, сообраќајни незгоди, така да 22-ра малку имаме зголемување на бројот на жртви во тешки сообраќајки за жал, меѓутоа тоа е многу далеку одошто што било тоа. Морам да елаборирам и да кажам дека преку Светска Банка и Министерството за транспорт и врски, со консултант од Србија, консултантот сочина тело работно од ОВР Кавадарци, од осигурителни компании, од Секторот за сообраќај во Општина Кавадарци, од други чинители на општеството кои се компетентни и работиме на подигање на свеста во делот на сообраќајот, културата, а со тоа со единствена цел да бидат тешките сообраќајки или тешките повреди на минимално ниво, односно дај боже да стигниме да ги немаме на Општина Кавадарци на самата територија. За тоа и сами знаете во минатово има донесено повеќе од 50 сообраќајни проекти за сообраќајот на Општина Кавадарци, беше регулирано и паркирањето, беа неколку улици направени едносмерни, изградени повеќе

булевари добро осветлени, изградени повеќе улици, издадени семафорски решенија и со тоа безбедноста во сообраќајот е дигната на повисоко ниво, а со тоа и самата култура. Затоа што сме земјоделски регион, работиме на проблематика земјоделските машини кои се движат претежно во сезона и се со бавна брзина, од под 30 км/ч. Да донесиме некој правилник и регулатива да превентивно делуваме и бидат соодветно означени во делот на нивната светлосна сигнализација или дополнителна ротациона поротокалова сигнализација за да бидат видливи и да се намалат тие несакани последици во делот на сообраќајки и така натаки. Општина Кавадарци има и пајак служба, која што е меѓу ретките општини надвор од Скопје, функционира во идеално време, во идеална ситуација, заедно со ОВР Кавадарци, со претставник на ОВР Кавадарци и секојдневно се на терен излезени, претежно му е таргет паркинг места за лица со посебни потреби, раскрсниците, автобуските постојки и сите непрописно паркирани во она загрозувачко подрачје бидат соодветно третирани или опоменати за да го дигниме нивото на безбедност и на култура. Во делот на она што и Командирот спомна и советниците во делот на безбедноата Кавадарци веќе оде кон град од голема безбедност, а тоа значи и самиот тој кажа дека повторувачи се претежно над 90% од кривичните дела за жал. Кавадарци размислува за една ресоцијализација на самите луѓе кои што се повторувачи на кривични дела, заедно со Центарот за социјални работи да можеме да ги ресоцијализираме тие луѓе да не ги повтараат или извршуваат кражбите или прекршоците кои што континуирано се случуваат. На ниво град се рачунаме за безбеден град во делот на населението и врз основа на активностите, не заборавајте дека невработеноста ни е само 3%, активности како што спомна имаме и во делот на прволигашки тим фудбалски каде сите прволигаши ни доаѓаат тука, во делот на кошарката, во делот на Супер лигата во ракометот каде што имаме и доста навивачи и секогаш биле прифатени навивачите од другите спротивставени, да речиме спортски клубови на соодветен начин третирани и досега не сме имале инцидент од поголем размер, а мислам дека последните 2 години воопшто не сме имале никаков регистриран инцидент кај што не е појава во други општини тоа сето. Јас само би сакал тука да укажам уште на една работа, дека ОВР Кавадарци како независно тело при МВР при СВР Велес дека според моите и сознанија и уговарања како што кажа советникот и озборување во градот дека си ја врши својата работа, меѓутоа знаете дека МВР и ОВР се сектори каде што има и репресивни мерки и кога ќе почната да си ја работат работата до крај после па ние малку на некој начин селектираме и викаме дека казните се високи, ниски, така да треба да си го заштитиме она што е наше, нормално ако ги бараме правата треба да си ги испочитуваме и обврските. Во делот на безбедноста ТППЕ која што пред малку ја спомнавме која што е за технички интервенции, за непогоди, за пожари и за се друго е во топ кондиција. Брзата помош при Општа Болница и сите други јавни институции кои што се во интерес на заштита на населението, на имотот и на нивните права и обврски кои

што ги имаат секојдневно. Имаме повеќе тел. броеви 13-300 е тел. број на Кол Центарот на Општина Кавадарци каде што можат да се пријавуваат сите директни потреби од Општината што подлежат под ЈП, Паркиралиште, Комуналец, осветлување и било што друго треба за Општина Кавадарци. Тука е Центарот на ЦУК 112, исто така телефонски број што може да го користат граѓаните, тел. број на ОВР Кавадарци, односно СВР Велес 192 и директните броеви сеуште се во функција и 193 за Пожарна и 194 за Брза Помош така да и советникот Јован што кажа дека има поговарање или оговарање, значи секоја пријава на било кој од овој тел. број граѓанинот одлучи да пријави, сите тел. броеви се снимаат и секоја е должна институција да постапи во сооднос на тоа што е пријавено. Најдобро е пријавите да се вршат тоа што ако граѓаниноит соодветно го процени случајот да го врши директно во таа институција дали е Пожарна, дали е Полицијата или било што, меѓутпоа ако е во некоја панична состојба или било што на било кој број нека се јаве, ќе биде удоволено комплетно за сите потреби на самите сограѓани. Општина Кавадарци е од ретките општини што има Кол Центар каде што има инсталирано повеќе од 240 камери сертифицирани, овластени, луѓе кои што функционираат и работат веќе 4-та година и каде што по налог на Јавен обвинител или судија во предистражна постапка се вадат снимки од истите камери и се користат во делот на кривични дела или прекршоци кои што се од поголем размер и до голем дел се расветлуваат на истиот начин. Инаку Општина Кавадарци камерите ги користи претежно во делот на заштита на сопствениот имот кој што го има како Општина, а тоа е се што е јавен имот како урбана опрема, зеленило, семафори, травници, тоалети и било што и би сакал да додадам и да кажам дека во 4 години изминати Општина Кавадарци има набавено 2800 сообраќајни знаци, матене не знам меѓу ретките општини или општина каде што има набавено 2800 сообраќајни знаци во делот на укажување на сообраќајот и уште еден податок во последните 4 години годишно се врши фарбање на патокази, на испрекината линија, на паркиралишта, на зебри од 12500 м2 годишно, претходно беше тоа 2500 квадрати, така да веќе улиците и од трета и четврта категорија ги работиме со делот на одбележување и вертикално и хоризонтално. Во делот на селските средини кај што имаме асфалтирани патишта Општина Кавадарци е втора по територија во Р. Македонија, во моментот пристигнати се 14 проекти за сообраќајно решение на сите локални патишта. Во тие сообраќајни решенија кои што сега ќе бидат дадени на ОВР Кавадарци при СВР да бидат одобрени како сообраќајни решенија ќе бидат вертикално и хоризонтално на повисоко ниво означувањето и за местење на еластична ограда некаде повеќе од 3км во самите проекти, ова ми е информација од понеделник, од вчера од службите каде што се стигнати самите проекти. Тоа ќе значи кај што имаме црни точки, а веќе ги имаме детектирано кај ни се црните точки да се стават еластични огради, да се ублажат ударите и да немаме тешко повредени, не дај боже жртви по однос на населението и Општина Кавадарци за крај работи

уште на 3 проекти и за надминување на тие сообраќајни црни точки да ги наречиме, а тоа е изготовка на проект и инвестиција кружен тек меѓу Западен Булевар и Северен Булевар кај Макпетрол и Гала Бензиската Пумпа, изготовката на проектот е веќе завршено, сега е во фаза на одобрение за градење на кружен тек на самиот влез од Росоман кај порталот Добредојдовте Кавадарци и сообраќајно решение на раскрсницата кај Глишиќ, кај ДМД Бензинската пумпа, на самиот излез од Глишиќ, тука бараме сообраќајно решение соодветно малку да се намали сообраќајот, така да во тој поглед работиме интензивно, секаде каде ни се повтараат сообраќајки, прекршоци да може да ги надминиме и со тоа нормално да им ја олесниме работата и на ОВР, меѓутоа и на самите граѓани безбедноста им биде на повисоко ниво. И не го спомнав само со Видео Смилевски и Шишка раскрсницата над самото Шумарско Училиште кај што имавте еден круг во средина ставен, безфункционален и кај што најмалку 20 пати е рушен самиот круг, а и кога децава одат на полагање не знаат како да се предстројат, на која линија, пошто буквално тој круг е збунувачки, другата недела ќе биде решен, одстранет, пуштена на вилета на кота на асфалт , одбележано соодветно на сите правци и со стубчиња така да и тие такви црни точки или незначителни моменти кои што претходно сме ги имале, а не стават во заблуда да бидат надминати . Така да Кавадарци очекува и од Светска Банка да добие добри средства по однос на заемот кој што го земавме од 55 000 000денари 2017 година за изградба на улици и булевари, затоа што Светска Банка сега има проект каде што работи, да еве ги, ги изградивме улиците, ги изградивме булеварите, дај да видиме сега кој се проблемите, поради нивните анализи кои се направени на секој нов булевар и на секоја нова улица брзината на движење се зголемува од 10-20км во просек на возила, значи во склоп и она што значи сообраќај нас ни се на пониско ниво и треба да го обезбедиме, да го дигниме, атоа ќе го направиме со сообраќајни решенија, со сообраќајни знаци и нормално со ОВР Каваадарци во делот на задолженост на регулирање на сообраќајот и за безбедноста на граѓаните.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во контекст на оваа што го кажувавте Градоначалниче има 2800 знаци сообраќајни набавено последните 4 години, меѓутоа како втора општина по територија во Македонија и како втора по ЦДП-то во Македонија не ли заслужува нашаата општина кога ќе тргниш дали од Блаце или од Табановце или од Граничниот премин Богородица треба да го поминиш Неготино, па да сретниш Град Кавадарци или да стигниш до Росоман, па да видиш знак Кавадарци . Дреново, Росоман и Неготино пминато, па читаме Кавадарци. Имаме забелешка од наши пријатели кои што сакат, не можат да видат знак. Во другите држави кога сум возел, кога се излева од автопатот има најмалку 5 града редоследно кои следуваат, ако се исклучиш од автопатот, кај нас не го пишува тоа. Кој е надлежен за тија дел. И ова е забелешка моја, туку и на повеќе наши сограѓани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: За жал Законот за категоризација на автопати, магистрали, брзи патишта и регионални е стар закон во делот на ознаките и регулативите во делот на места населени, населени места и централни места. Да добро сте забележале, по Европа, по Запад имате со различни бои означено повеќе населени места и секое населено место е означено и при самиот автопат. Еве само една работа значи еве јас лично многу ми пречи тоа. Јас 2018 поставивме самоинцијативно еден знак Кавадарци на автопатот, добивме пријава прекршочна и го извадовме знакот. Значи еве бев поборник, нема законско решение, дај да ставиме знак дека Кавадарци е тука десно. Многу луѓе на Демир Капија ми се јавуваат , гости кои што првпат доаѓаат од странство дека го поминале и самиот автопат. За моја информација Министерството за транспорт и врски работе на нов правилник, во усогласување на сообраќајните знаци, врз основа на европските регулативи и постои дека сите овие што ги спомнав претходно магистрални, автопати , регионални и брзи патишта ќе бидат означени до сите населени места. Нашата можност како Општина е во делот на опфатот на делот Кавадарци. Како што имате забележано ставиувме табли Добредојдовте во Општина Кавадарци. Од тука наваки да правиме проекти, елаборати за да ние директно влијаеме на таа работа како што врз основа на анализа направено. Има многу пропусти направено кои што треба да се разговарат во овој дел и мислам дека тој закон нема брзо да биде донесен, пошто е обемен и на ниво на држава, но кога ќе се донеси ќе треба нова фаза буџет државата да донесе , да ги смене сите комплетно сооообраќајни знаци, а до тогаш ќе бидат и двојазични, односно тројазични, така да ќе се вклопиме во делот со тројазичноста.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас имам една забелешка во однос на едно сообраќајно решение. Се однесува на поставувањето на семафори пред влезот на болницата каде што мислам дека е поставувањето на семафори нефункционално од аспект на тоа што на пример имате ист временски период на оние автомобили кои што доаѓаат од страна на Неготино према Кавадарци и од Кавадарци кои што одат према Глишиќ, према Неготино со временскиот период на оние автомобили кои што излегуваат од болницата и често се случува да автомобилите кои што доаѓаат од Кавадарци кои што треба да завртат во болницата да чекаат по 2, 3 пати црвено за да влезат внатре заради тоа што посебно 3,4 часот попладне поради поголема фреквенција се прават поголеми колони и е оневозможен пристапот. Мислам дека треба да се изнајде решение и начин како да тоа се подобро да кажам регулира, пошто овака мислам дека ги доведуваме луѓето во ситуација да кршат и да поминуваат на црвено. Кога одиш од Кавадарци за да влезиш кај болницата и не можиш да влезиш.

ГРАДОНАЧАЛНИК: А пред семафорот како беше. Значи вака сега тој семафор, кружен тек таму не е предвидено и не може според обемот и радиусот на регионална улица треба 14 метра да биде само кружен тек. Значи семафорското решение е едно од помодерните во државата, таму што е ставено. Има простор да се доработе ова што го кажувате. Значи тоа

е направено на т.н. врвки, кога ќе дојде кола на излез од болницата да после 15 секунди ја затворе главната улица што има приоритет Шишка и да се ослободе сообраќајот за да поминат од болницата и излезат. Меѓутоа за влез во болницата во тој случај треба да направиме уште едно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не можеби да се регулира да првен биде зелено за тие што доаѓаат од Неготино, па после за овие што доаѓаат од Кавадарци, па после за излез од болницата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро да, тоа можеме да му го дадиме за задача на сообраќајните инжинери да го работат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од секој патен правец како доаѓаш да биде различно да кажам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро се ја сфанав суштината. Значи за сообраќајните инжинери еве нека влезе во забелешка да го елаборират и уште еднаш разгледат дали има можност тоа време да се продолже, кога има повеќе коли така.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да стрелка десно, кога е празна вaквото, да можеш да влеваш. Така некако.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани ја ставам точката на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Да му се заблагодарам на Командирот за присуството.

17. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

18. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот „Изградба на ул„Лазо Асијата фаза 2„;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

19. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас имам во овој дел прашање едно во делот на споменикот кој што беше на 12-те Ваташки деца кој што на неколку пати беше истиот уништуван, мислам онаа оргиналната да кажам верзија на споменикот и ме интересира што се случи после тоа, дали се добија сите потребни дозволи за реновирање и дали има одредени неправилности во делот на реконструкцијата и исправката на овој споменик, бидејќи читав одредени текстови дека одредени дозволи и не се баш соодветно добиени и дека на тој начин на еден автентичен да кажам, на едно автентично да кажам спомен обележје на тој начин се прави таквиот начин на реновирање по мене е несоодветен. Знам дека не го реновираш, реновиран е пред 2 години така, или пред 1 година. Споменикот што беше изваден за тоа ми е прашањето, пошто читав некои реакции и не ми е најдобро јасна работата, ги има соодветните дозволи од Комисија за

заштита на културни наследства како се добива, значи мислам дека треба за појаснување на јавноста да знаеме .
ГРАДОНАЧАЛНИК: 2018 година споменикот беше во катастрофална состојба и прашањето треба Вуко малку да го поставиме ка Кавадарчани, ка Ваташани малку поинаку. Споменикот е од прва категорија, заштита, национален споменик на државата и од прва категорија. Дали во последните 20 години, па можеби и 30 и овоа сакам вака еве да се елаборира некој од државата дошол да го виде споменикот во која состојба е, да го заштите, да инвестира во една сијалица да го осветле или било како. Не никој . 2018 година заедно со тимот од Општина Кавадарци, со Комуналец повеќе од 30 000м2 отворивме зеленило како што бил претходно споменикот, го озеленивме, направивме партерно уредување со стази, ги ставивме тоалетиве во функција, донесивме вода за наводнување на травникот и го осветливме целиот комплекс во делот на 12-те Деца како споменик. Е сега на вашето прашање. Точно е. Поставивме релјеф кој што заедно го конкурираvме со Министерството за култура и ни беше одобрено и тоа беа некои ситни средства, мали пари, околу 220-230 000 денари да ја вратиме автентичноста на споменикот од релјефот бакарен, кој што беше украден. Дојдоа за 2 недели, не знам како се сетија после 30 години, инспекција од Заштита на културни наследства од прва категорија и ни рекоа дека Вие не смеете да го правите ова затоа што ова е национален споменик од права категорија. Во ред добро. Ние после извесен период истиот релјеф затоа што е како да ти кажам, монтажен е тој, на закачалки, го извадовме и го оставивме кај семејствата на покојните односно убиените деца 12. Семејствата си го вратија назад релјефот и кажаа доколку некој го изваде друг, нека се обрате кај нас. Релјефот не го огрднува споменикот, прашањето е зошто не бил прашан авторот на споменикот кој што го правел и зошто нема одобрение од Министерството за култура и за национална заштита на споменици од прва категорија. Е сега по однос на вториот дел што денеска е точка на дневен ред. Ние веќе го работиме тоа како што ни е кажано да добиеме дозвола од Заштита на национални споменици од прва категорија за поставување на тие 12 бисти, 12-те бисти нема да бидат поставени во споменикот , ниту ќе го нарушиме изгледот на споменикот, него до самиот споменик на одредена метража како што ќе ни одобрат од ационалната како се вика Агенција ли, за заштита на национални споменици и во делот надвор од споменикот ќе ставиме монтажен тип на куќа, односно две простории каде што ќе има сувенирница, ќе има литература, книги за загубата на тие 12-те деца и ќе има нормално во делот од нивни лични работи, дали ќе бидат лични карти, тоа што го имаат семејствата како такво. Ова цело е во корелација со Националната агенција за заштита, со семејствата на загинатите деца и најмалку имаме одржано 10 состаноци. Мене денеска ми е криво, затоа што во петокот го имавме последниот состанок со покојниот г-динот Петар Камчевски и кој што после тоа 3 дена веќе, за жал не можевме да стапиме во контакт со него и после извесен период почина, затоа што беше еден

човек ентузијалист и енциколопедија за националните интереси на Општина Кавадарци и во делот на целата територија. Нема никакви промени одтука наваки. Со неговото семејство е стапено во контакт, заедно со Музејот, најдени се на неговиот компјутер дел од елементите кои што требаше тој да ги вметне во споменикот, во книгата, нова книга која ќе се издаде по повод годишнината на 16 јуни и така да тие негови рамислувања и гледања, односно знаења кои што треба да ги искористиме, ќе ги исдокористиме во понатамошни цели на споменикот. Општина Кавадарци ниту ќе одземе, ниту ќе додаде, а и нема да се изземе од тоа што било реалност и вистина, него само ќе го обелодениме, затоа што и јас како дете се сеќавам, а верувам дека и вие повозрасните тој споменик беше посетуван, не од Македонија, него од поголем дел од Југославија, на екскурзии на деца, на луѓе кои што организирано доаѓаа на тој споменик за да одадат почит и да видат дел од една историја. Јас нема да навлегувам во историјата, меѓутоа пак ќе потенцирам и ќе кажам како Кавадарчанец, а сепак и како носител на функција Градоначалник , ниту пак ќе ја извитоперам историјата, ниту ќе отстапам од нешто друго. Едноставно тоа ќе биде како што било и ниту ќе наддадиме па нешто плус или минус, него ќе го направиме сето според законските регулативи и прописи и Општина Кавадарци тука има одвоено за првпат, пак ќе потенцирам за првпат од постоење на споменикот 3 200 000 денара средства. Значи досега никогаш не одвоила, ниту пак државата одвоила средства за тија споменик. За првпат одвојуваме средства од 3 200 000. Тоа е по однос на тој споменик и виќе кога споменуваме спомениците, да го спомниме споменикот и за Сашо Гешовски, кој што со ваша одлука, со мој предлог и со желба на граѓаните го именувавме кружниот тек на Илинденска во името на Сашо Гешовски и таму е направено идејно решение, одобрено со 3 фонтани, со негово име и тоа ќе биде во почит на првиот загинат во Поранешната СФРЈ . За жал од Кавадарци и трето. Со градењето на Капелата, не знам која година Градската капела е изградена, сигурно е 2006, 2007 Спомен одбележјето на нашите народни херои во делот на Великаните на Градските гробишта е целосно нарушено како концепт и сега правиме идејно решение, направено, одобрено да пак го концепираме тоа Спомен одбележије и биде за нашите Великани, кое што било и направено верувам 91-ва, 92-ра година кога што било направено и да биде функционално, притоа да се одвои од самата Капела, затоа што сега Споменикот е дел од Капелата, дел од самите гробишта и нема целина функционална. Немам намера како Градоначалник да правам нова историја, нови споменици, да вложуваме во нешто што не е продуктивно али тоа што го имаме мислам сите ќе се согласите дека треба да го сочуваме од една наша историја за едни наши предци, претходници кои што на некој начин овозможиле и за државата, меѓутоа и за Општина Кавадарци ние денеска да сме тукаи да раководиме со овој благодет кој што го имаме во Општина Кавадарци и да бидиме претставници на нашите сограѓани кои што итекако се многу битни и мислам дека со исправањето на овие 3 работи дека ќе постигниме само единствена цел, ниту политика,

ниту политички мерки, ниту рејтинг, него да одадиме почит соодветно на тоа што било пред нас.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да не испадне недоразбирање јас чисто поставив прашање, значи прва работа во делот на автентичноста на оригиналниот споменик и во делот на тоа како ние сме се грижеле во Општина за него. Мислам дека требало да се грижиме повеќе и да го заштитиме од такви вандалски напади. Немам јас ништо против во однос на тој дел, само поставив одредени прашања кои што беа актуелни во одреден временски период кога истиот се реновираше. Инаку сакам да спомнам во однос на самиот настан, оваа година значи комплетно го подржуваме моментот на поставување на бисти и заложбата на Општината да се поставе биста и да им се одаде значење и почит за жртвата, што тие лица ја напарвиле за идејата за независна држава и тука целосно ја почитуваме и ја подржуваме таа иницијатива. Имено станува збор за еден настан кој што е еден од најгламурозните настани во текот на Втората Светска Војна и сите сме свесни за значењето и тежината на овој настан, кој има своја рефлексија врз целокупната Народноослободителна борба и револуција и го дефинира нашиот непокор, борба за слобода, државност и улогата на Комунистичкото движење во поставувањето на темелите на современата македонска држава. Од тој аспект како легитимен историски наследник на НОБ и тековините на Македонската револуција и партија која во својата идеологија длабоко ги има инкорпорирано вредностите, идеалите и националните стремежи на овие младинци. Ја поздравуваме и ја подржуваме оваа идеја меѓутоа сакам да потенцирам нешто. Поради историскиот контекст, а имајќи ги во предвид и денешните рефлекси во актуелната политичка стварност и сериозните предизвици во нашето најнепосредно опкружување, а настанот има посебен национален сензибилитет и од тука е важно да пораките, одбележувањата, церемонијата бидат целосно и автентично во духот и каузата и идеалите на Ваташките младинци и комунисти. Во актуелниот историски и политички моментум она што претставува клучен предизвик е достојно и автентично да се афирмираат нивните идеали, вредности, борба и националниот дух на Ваташките револуционери и Скоевци, Затоа апелираме да истиот настан не биде користен во промоција на дневно политички памфлети кои имаат за цел само негова девалвација и дневна политичка употребна вредност.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве јас како Градоначалник си зимам за обврска пред сите сограѓани, а и пред Ваташани и пред семејствата на покојните 12 деца лично и одговорно како обврска дека тоа нема да биде ниту во најмала рака искористено во политички девалвации, цели, придобивање на било какви придобивки лични, објективноста е отворена, имам затоа разговарано на Комисија најмалку од 10 членови која се состои од неполитички чинители односно стручни лица за изградба на споменици и од денешно време јас сум желен и би сакал да по изготовката на овие 12 бисти, вклучувајќи го и документарниот игран фим кој што го спремаме да ја прикажи таа содржина јавно и кој што ќе го прожектираме во

Домот на културата во с. Ваташа, да ги повикам сите политички чинители и од повисоко ниво, без разлика позиција, оппозиција и на етнички припадности, меѓутоа ги повикам и меѓународните фактори, а вклучувајќи ја тука и Р. Бугарија да повелете од моја страна, од страна на Општина Кавадарци сте добредојдени да се извините на споменикот, да се поклоните на споменикот и да не се повтори. Не е целта да ние во иднина од тоа правиме нешто кое што е потценувачки, девалвирачки или недај боже на било кој начин тоа да го злоупотребиме, некој што изгубил невин живот за ние политички или индивидуално на некој начин имаме придобивка. Така да ова е разговарано со повеќе сегменти на структури, разговарано е и на самиот ден на Св. Трифун со Бугарската Амбасада во Р. Македонија каде што истиот амбасадор не негира во делот на убиствата на 12-те деца и размислувањата се дека таа историја не треба да се избрише, меѓутоа не треба да се повторе и дека сето треба да ни биде поука за соживотот во иднина. Така да ќе биде најобјективно, најтранспарентно направено, во консултација со сите јавни чинители, а најмногу тука со граѓанството и со семејствата на самите погинати деца.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник. Сакам да ја поздравам оваа предлог одлука за изградба на овие 3 фонтани и сакам да дадам едн предлог до Градоначалникот и до службите на Општина Кавадарци да овие 3 фонтани симболично да ги крстиме по имињата на сите тројца загинати во тој период, односно Сашко Гешковски, Петре Тодоровски и Мишко Митрев. Тоа се тројца загинати во исти период, тогаш во таа 91-ва година и мислам дека со ова симболично да речам или скромно одбележување на тие фонтани со нивните имиња ќе му дадеме поголемо значење и на фамилиите на другите, на овие двајца загинати, исто како и Сашко Гешковски и исто така така веќе кога разговараме на овие теми во делот на 12-те Другари, во делот на овие погинати во 91-ва година на Сашко Гешковски, Петре Тодоровски и Мишко Митрев исто сакам до службите или до Сектор култура една сугестија да се даде поголемо значење и на еден друг настан, кој што бил тука во Тиквешијата, тоа е Тиквешкото Востание, кое што било во 913 година и е прво востание после Илинденското и едно од гламурозните востанија или настани во постоењето на нашата држава или има повеќе од 1000 востаници загинато. Мислам дека треба на едно повисоко ниво да го поткрениме и чествувањето на овој настан. Уште еднаш сакам да поентирам на оваа точка, значи мојот предлог е тие три фонтани да ги носат имињата на Сашко Гешковски, Петре Тодоровски и Мишко Митрев.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Мислам дека и во таа војна имаше и од Марена. А 2001. Во ред.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи предлогот јас првпат го слушам, претходно не сме го дискутирале . Значи таму имаме донесено одлука на самиот кружен тек да го носи името на Сашо Гешовски. Да. А симболика на самите фонтани, еве нека влезе како заклучок на самата точка да го разгледат урбанистите и сите и може да се даде симболика на секоја фонтана поединечно, нормално

кружниот тек си го носи името Сашо Гешовски, а самите фонтани да имат симболика и од другите двајца војници. Исто така и самиот споменик кој што е изграден на градските гробишта кај Великаните ја има симболиката на сите тројца загинати, со краци од нивните години и симболики на други нивни потсеќања така да нека влезе како заклучок и урбанистите и градежниците да можат да го вклопат во делот на идејното решение....

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи сакам од име на Општина Каваадрци и од ЈП да изразам благодарност на Агенцијата за одземен имот пошто еве на наше барање ни овозможува да имаме патнички поторни возила соодносно нашите потреби на ЈП и на Општината, а тоа вака е од едно значење кое што Општината во тој случај не инвестира во купување на возила него ги добива донациски и си ги завршуваме нашите потреби да речиме спрема ЈП и према граѓаните. Така да една благодарност до Агенцијата и како пракса мислам дека треба да продолже натаки....

29. Предлог-Одлука за давање на времено користење на недвижна стварпосебен дел од објектна Јавно претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, без надомест

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно.

30. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници;

Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање .

31. Одлука за промена на седиште на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

32. Статурна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

33. Статут (пречистен текст) на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

34. Одлука за организирање Подружница 1 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

35. Одлука за организирање Подружница 2 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

36. Одлука за организирање Подружница 3 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

37. Одлука за организирање Подружница 4 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

38. Одлука за организирање Подружница 5 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

39. Одлука за организирање Подружница 6 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

40. Одлука за организирање Подружница 7 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

41. Одлука за организирање Подружница 8 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

42. Одлука за организирање Подружница 9 на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Едногласно.

43. Извештај за работењето на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.06-31.12.2022, донесен од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање.

44. Измена на Програма за работа за 2023 година на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

45. Одлука за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Јас ќе ја искористам оваа прилика на Директорот од ЈП да ни објасне околу оваа новина, околу цената на билети, единечна цена на билет за општински линиски превоз на територијата на Општина Кавадарци.
ДИРЕКТОР НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ: Добар ден на сите. Значи со оваа одлука има промена на цените, односно промена намалување на цените од 15% при користење на персонализирани картички, односно електронска наплата во самиот билет, со надополнување на кредит и може да ги прочитаме и цените за единачен билет на Градски Превоз се намалува цената при користење на таква картичка од 40 на 35 денари и сите други дестинации имаме по 10 денари намалување на цените, односно 15%. Исто промотивно имаме до 30.06 бидејќи цената на картичката ни беше дефинирана со 150 денари со еднократно купување на картичката која важност има 5 години, до 01. 06. 2023 ќе се дава бесплатно, со минимален износ на надополнет кредит од 300 денари . Тоа е измената во ценовникот. Значи имаме намалување на цените при користење со персонализирани картички.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директоре. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ Дали потоа ќе има услов на пример колку треба да биде дополнети тие картички со средства средства минимум за да можат да ги користат. Нели се на почеток 300 денари, после дали ќе има некаков услов.
ДИРЕКТОР НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ : Било колку може да си туре...
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13. Воздржани. 4 воздржани.

46. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

47. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на мегупштински линиски превоз на патници помегу Општина Кавадарци и Општина Росоман;

    Едногласно усвоена точка.

    ГРАДОНАЧАЛНИК: Како информација за јавноста. Значи Општина Кавадарци како добрososедска општина со Општина Росоман, а и општина која што произлезе од Општина Кавадарци и според ингеренциите и насоките еве значи со ова гласање кое што денеска го завршивте имаме можност да им обезбедиме приградска линија на жителите на Општина Росоман. Со тоа мислам дека многу ќе ни се овозможе, да патуваат полесно и до градот и своите потреби да ги завршуваат и добрата соработка меѓу Општина Росоман и Кавадарци, не само што ја укажуваме него и ја покажуваме на дела, како општина што претходно е излезена од Општина Кавадарци.

Тука има многу прашања сакам само да го појаснам тој дел. Зошто немаме приградска линија со Општина Неготино. Затоа што Општина Неготино не е произлезена општина од Општина Кавадарци и е градска општина и во тој дел ингеренциите меѓу град и град, линиите се под Министерство за транспорт и врски. Така да ние како ЈП не може да им овозможиме да имат линија Кавадарци, Неготино и обратно. Доколку Општина Неготино заедно еве Советот на Општина Неготино и Градоначалникот се избоксуваат на некој начин да се даде таа линија, на приградска линија да биде таа меѓу два града, нашето ЈП е спремно да пуште и линија меѓу град, град, односно Општина Неготино и Општина Кавадарци .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката 47 ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

48. Предлог-Одлука за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам расправа за оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

49. Предлог-Одлука за утврдување на паричен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

50. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за. 1 воздржан.

51. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката со арх.бр.02-235/4 од 13.02.2023 година, за утврдување на услови за приклучување на водоводната и канализациона мрежа, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

52. Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01-31.12.2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи на

дневен ред на денешната седница е Извешатјот за работењето на ЈП Паркинг Кавадарци, 4-ти квартал со што фактички го опфаќа и работењето за цела 2022 година. Уште кога зборував за Кварталниот Извештај со 30.09.2022 година, значи со 3 квартал кажав дека се очекува зголемување на приходите на ЈП Паркинг Кавадарци, затоа што се ставени во функција сите паркинг места на ова јавно претпријатие, така што со 4-тиот квартал доаѓа до зголемување на вкупните приходи на ова ЈП и вкупните приходи кога би правеле приходи, посебно на секој квартал, значи 4-иот квартал е најдобар, но реално за да направиме реална споредба би ги тргнале настрана приходите од фарбање, приходите од субвенции и дотации и приходите од одржување на улично одржување и би правеле анализа само на реалните приходи што ги има ова ЈП и токму во 4-от квартал тие приходи се најдобри во споредба со претходните квартали, што ни дава за право да очекуваме дека во 2023 година ќе имаме зголемување на вкупните приходи на ова претпријатие, така што 2023-та година ќе биде подобра од 22-ра, а тоа дава за право да кажеме дека ова ЈП не треба да ги очекува дотациите од Општината на такво ниво како што се планирани. Моментално во досегашните извештаи, во сите извештаи ЈП кажува дека овие средства се потребни за покривање на трошокот што го имат од пајак службата и заради тоа што има субвенционирани цени на паркинг услуги за станарите. Таквите цени ќе останат и во иднина. Значи тие цени станарите ќе ги плаќат и во иднина, пајак службата е потребна како за ЈП, така и за други работи во врска со Општината. Според мене значи ЈП треба да добива дотации од Општината се додека приходите не се доволни за да си ги покрие своите трошоци во работењето, бидејќи во иднина се очекува зголемување на приходите треба да очекуваме и намалување на дотациите од Општината што е во заеднички интерес за сите.И сметам дека натаму ЈП значи сега само да потенцирам дека оваа година ќе ја заврши со добивка, што е за поздравување. Значи 2 400 000 ќе има добивка. Минатата година имаше 600 000 загуба. Значи финансискиот резултат се подобрува за 3 000 000, но тука само треба да потенцираме дека и приходите од Општината што ги има добиено ЈП се зголемени. Значи 2022 имаше 6 800 000, 21 5 140 000. Значи за 1 600 000 разлика земени дотациите, но финансискиот резултат е зголемен за 3 000 000, значи реално има подобрување во финансиското работење. И пак ќе потенцирам во последниот квартал е тоа, значи веќе во 2023 година треба да имаме подобара финансиски резултат и

анализите на ЈП треба да бидат насочени на просечната дневна искористеност на капацитетот на паркинг местата. Значи и во сите овие извештаи видов дека искористеноста е 6,7,8 , 9% е последниот квартал, така што треба да се направат такви анализи да видиме во кој дел, во кои паркинг зони можеме да намалиме на цена на паркинг услуги со тоа што би ја зголемиле искористеноста. Значи не секогаш значи дека намалувањето на цената ќе значи намалување на приходите, него намалувањето на цената може да доведе до зголемување на цената на приходите , но затоа ни требат добри анализи и бидејќи имаме веќе анализи на приходите можеме да си дозволиме во текот на 2023, значи првично да ги видиме извештаите во однос на првиот со вториот квартал, па да размислуваме и за намалување на цената на паркинг услугите без да се наруши нормалното работење на ова ЈП. П рвично би можеле да речиме да се воведи намалување на паркинг услугата за секој наредн час, дали за вториот, за третиот час или да има блок цени, значи ако се користат 2 или 3 часа цената да биде поинаква отколку ако се плаќа за секој час поединечно и мислам дека за тоа ќе ни бидат благодарни сите граѓани на Општина Кавадарци, ќе имат поевтини паркинг услуги , а во секој случај не смееме да го нарушиме финансиското и редовното работење на ова ЈП.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас лично вакви резултати очекував и 2021 година на крајот, на почетокот на нашиот мандат, а имајќи во предвид дека во 2022 година имаше реконструкција на улицата, каде што не се користеа паркинг услугите очекував 23-та година да има и поголема добивка. И треба да се направе анализа таа добивка да не се користе за зголемување на бројот на вработените, туку ако треба износот на помошта на средствата што се добиваат од Општината да останат исти, со тоа што ќе се најде некој начин за дигитално следење на паркинг возилата, за поедноставно плаќање, не мора да се застанува, да се најде начин. Има такви решенија и средствата да се уложат во тој дел, а не само ако има приход и да значи ај да примаме нови вработени. Секогаш сум бил против тоа да одиме напред во делот на технолошко опремување на ЈП, а не со физичко присуство и шетање и кога е најладно и кога е многу жешко тие лица што се вработени таму мора да патролираат по улиците.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас Градоначалникот во еден претходен Совет го прашав околу тоа, нели софтверско решение, со кола регулирање на самото паркинг место да не биде со физичко присуство. Градоначалник до каде е таму работата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ЈП да. 22 година оствари добивка од 2,5 000 000 или 2,6 000 000 небитно и сега тенденцијата на ЈП во кое што ИТ Секторот од Општината и компетентните луѓе од ЈП работат на усовршување на дигатализација на софтвери, на понуда на софтвери за сама дигатализација на паркирањето. Тоа е вака еден обемен процес и прилично доста скап процес, не е евтин софтвер, меѓутоа нема да се откажиме од таа работа и мислам дека ќе го дигитализираме паркирањето со она што укажавте да и на луѓето му се олесне работата, а и да нема од нови вработувања и да физички бидат присутни на терен него тоа да биде на пософистициран начин. Јас би сакал да дополнам уште една работа тука. Доколку и 23-та година очекувањата се да, ќе остваре претпријатието добар приход едно ветување пред граѓаните кои што јас ги имав и ЈП за паркирање. Тоа е на колективните станбени згради претежно, на самите паркиралишта кои што ги имат, а претежно ги имаме во новиот центар да тие граѓани бидат само евидентирани во системот на ЈП и она што го плаќат на годишно ниво од 800 денари, 900 денари да биде укинато со 0 , не плаќаат ништо, а бидат евидентирани и притоа му биде загарантирано и паркиралиштето во делот на самото место. Зошто. Затоа што тие луѓе живеат таму и тие колективни станбени згради паркиралиштата се направени со намена претежно за тие кои што живеат во тие населби, во тие станови, меѓутоа сакаме да постигниме уште една работа, да покрај дигитализацијата одиме во усовршување на паркиралиштето со делот на дигитеални рампи по пр. што имаме на Зелен Пазар да со самата картичка граѓанинот се отчита и се отвори рампата и влезе во самиот паркинг. Такви имаме повеќе од 20 локации во Општина Кавадарци предвидено кои што можеме да ги оплемениме и доусовршиме, а во централното градско подрачје треба да сме поборници да има тенденција на што помалку задржување на автомобилите и да ги користат рационално паркиралиштата, а не да ги злоупотребуваме на некој начин со 4,5, 6 саати седење во кафана па држење на место, а знаете дека централното градско подрачје е најоптеретено и во делот на искористеноста на зоните. Затоа ќе помогне еве и јавниот превоз, меѓутоа ќе помогне и тоа што ќе бидат дигитализирани паркиралиштата и правење на подобри анализи и по автомобили и по зони и по подзони, меѓутоа ЈП ни во еден случај нема да дозволиме, верувам и вие како советници да својата добивка ја распоредат за нови вработувања или за некои слични непродуктивни работи, него за инвестиција во ИТ Технологија, инвестиција во делот на рампи, инвестиција во делот на софтвери, а Општината не може да се изземе

од кoофинансирањето на ЈП, затоа што секое ЈП мора секоја услужна дејност да ја наплати, а ние како Совет и јас како Градоначалник можеме да ги кофинансираме тие граѓани по примерот на еве Општина Аеродром ќе ја земиме. Тие 900 денари што ги зима ЈП влезат на наш трошок на Општината и буквално они инвестират во делот на нивната инфраструктура. Тоа и така беше замислено од првиот момент меѓутоа мора да се вратиме малку и назад, да со реконструкцијата на 7-ми Септември, со реконструкцијата на Блажо Алексов, со реконструкцијата на клучните улици, централни и со короната која што ни беше 2 години активна со полициски часови и со карантини нас ни одзема многу време и ни одзема многу ресурси и средства за да движењето според економската анализа го постигниме во тој планиран период. Сега мислам дека сме на прав пат да ете како денеска што директорот на ЈП за превоз проектира 15% намалување на цената во првиот месец дена на пуштање на самото претпријатие за работа. Верувам дека и во ЈП за паркирање ќе се случуваат такви моменти, модернизација, дигитализација и намалување на цените таму каде што има потреба, а некаде бидат и повластени станарите, односно бидат ослободени од плаќање на јавниот паркинг. Не целта ниту на едно ЈП да оствaре добивка и со добивката не знам да има повеќе вработувања или било што. И не заборавајте дека од месец март одиме во друга фаза, одиме во фаза на подигање на минималната плата на 21 500 ми се чине, тоа ќе придонесе да со подигањето на минималната плата основицата на сите вработени не само во ЈП на паркирање, него и во Комуналец и во Паркинзи и во превоз и во Општина буџетски се оптеретени повеќе за дополнителни средства за плати, исто како што и приватниот сектор. Така да мораме да направиме добри анализи и тенденцијата и начинот да биде движење кон она баш што и вие го зборувавте сега.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сме дискутирале многу пати по однос на ЈП. Јас уште држам на идејата дека идејата на воспоставување на регулиран систем на паркирање треба да се однесува само на оние зони кои што се атрактивни за паркирање и мислам дека во тој дел почнуваме да го зголемуваме значително опфатот на улици кои што влегуваат под делот на платен паркинг. Тоа не само што не го решава проблемот со паркирањето туку создава сообраќаен хаос во одредени периферни улички каде што граѓаните се со цел да го избегнат платеното паркирање почнуваат да паркираат по споредни улици, а во однос на цената сме дебатирале тука голем број на пати и во однос на саатнината и временскиот период во кој што наплаќа платениот паркинг, мислам дека тука имаме најголем обем на наплата

на временски период на паркинг и ви споменав минатиот пат во дел на цената одредени други општини кои се поголеми за системот на наплата и за цените кои се драматично пониски во однос на нашата општина, не е спорно општината субвенции да даде на ЈП, меѓутоа ако се даде субвенција тоа треба да биде во насока на олеснување на намалување на цената, намалување на опфат на улици на паркирање, на намалување на временски период во кој што се наплаќа паркинг се со цел да ги намалиме трошоците на граѓаните за оваа работа.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Упорно од кога сум во Советот на Општина Кавадарци јас повторувам дека не е секогаш и решен паркинг. Имам повеќе примери за тоа . Добив многу реакции од граѓаните дека на улица Ленинова поради паркирањат од околните, нели приватни претпријатија граѓаните паркираат со 4 жмигавци и заради тоа не е пристапна улицата за оние коишто стануваат на истата и за поминување нели на амбуланта, на брза помош или на било кое интервентно возило и другиот пример исто така ми е на улица Мито Хаџи Василев Јасмин која што беше реконструирана. После реконструкцијата беа нацртани паркинг местата, но на влезот на една од куќите не е пречкртано тоа паркинг место, така да комотно си паркираат на тоа паркинг место. Нели јас како советник прво реагирав и до ЈП за да биде решене тоа што е можно побрзо заради тоа што жената која што живееше во таа куќа одеше на дијализа секој трет ден и ми беше кажано наредната недела, па да се стопли времето, па после и времето се стопли и болната која што одеше на дијализа таму почина, еве денес ја закопаа, така да јас си идам од погреб буквално од таму сега, а х уште не е ставен на улица Мито Хаџи Василев Јасмин бр 77. Не е вистина нели дека не може технички да се реши тоа, заради тоа што службите од ЈП Паркинг беа излезени на терен и цртаа горе на Западен Булевар, така да е можно. Ова е единствено незаинтересираност од страна на службите за тоа каде треба и каде не треба да биде решен паркингот и окколу улица Ленинова очекувам решение на сообраќајниот и паркинг проблем час поскоро заради тоа што се случуваат секакви нели незгоди.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Де претставник од Паркинг околу Ленинова може ли да ни пообјасне што е. Може со пајак служба таму или надвор од паркинг зона е.

ПРЕТСТАВНИК ЈП ПАРКИНГ ТАСКО АТАНАСОВ: Ако е влезена таа улица во распоредот на МВР ќе ја контролират .......Тоа беше пријавено кога ќе се поништуваа паркинг местата. Беше пријавено таа ден да се

пониште паркинг местото, меѓутоа имаше возила паркирано... Ае пријавено да се пониште паркинг местото..

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи тоа е некоректно што го кажа советникот од наша страна не постапиме толку време. Сега еве нека и е лесна земјата на покојната. Тоа да се пониште, а за Ленинова советниче по однос на Ленинова таму паркинзи нема никакви евиденции во делот на паркирањето, па и на регулација на паркингот, Тука треба едно клучно прашање да поставиме кај што Општината е изземена од многу такви фактори. Ленинова има ординација солидна која што работе. Јас децата ги носам таму. Има повеќе од 4500 регистрирани пациенти . Дали не треба Министерството за здравство и фондот за здравство при издавањето на такви лиценци за ординации, за дневни болници и за прегледи да има во предвид дали постое таму и паркиралиште, пошто 4500 пациенти, 200 да дојдат денеска, а верувајте дека таму доаѓаат деца со температура, сме разговарале повеќе пати за ова и со ОВР Кавадарци, па родителот пушта 4 жмигавци да го симне детето со 40 температура и било како и се ставаме во многу незгодна, нелагодна ситуација. Значи преголем е обемот на работа на самата ординација и на самите други субјекти за таму да се паркираат возилата, а верувајте никој со болно дете од 5 месеци или 3 месеци со бебенце нема да паркира на паркинг на 7-ми Септември за 200 метра да изоде пеш или било како. Така да пак оставаме на совеста на луѓето и такви работи во иднина да еве превенираме за не знам за издавањето на лиценци со однос на нивните капацитети. Никој не оде на болница или на преглед пеш освен некој за препишување на терапија, сите се или акутно болни или изнемоштена состојба, сите ги имаме истите ситуации. За она јас за Мито Василев ќе си превземам соодветни мерки, затоа што тоа е пропуст лично наш и на претпријатието што не е досега решено, а за Ленинова неколку пати имаше петиција од граѓаните и од луѓе кои што котираат таму и кои што живеат и тешко оде работата и со пајакот кога ќе видете во раце болно дете и родител кој што го носе детето до самата ординација. Така да тоа нема да го занемариме, ќе гледаме да го подобриме, а дај боже таа ординација да расте во една мини болница и да има соодветен паркинг каде да се паркираш и да се стигне до каде што треба. Мислам дека сите дечиња се таму, баш кај тој педијатар.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Па тоа е тоа Градоначалниче. Значи кога викаме е решен сообраќајот во Кавадарци треба да се сетиме и на тој случај каде не е решен, значи не е ни единствен случај Ленинова, станува збор истото, еве јас како возач имам фрустрации

од такви ствари точно и на Тиквешко востание и на Страшо Пинџур улицата, современо паркирање зборувам, не со решен паркинг простор, времено паркирање. Кај Јаворот има добро одредено решение таму со некои паркинг места, ама тесното грло на Страшо Пинџур и на Тиквешко Востание претставува ужасен проблем, а исто така и пристапноста до живеалиштето од страна на Итна Помош и од Пожарната. Значи тие ако не се мапирани, треба да се мапират, заради тоа што реакциите идат кај нас прво, па после и до ЈП Паркинг и до вас -и стварно лично многу ме погоди се што се случуваше околу Мито Хаџи Василев Јасмин затоа што јас сам ја влечев пациентката до колата, додека имаше испопаркирано во 5.30 саат сабајле милион возила напред пред куќата, од Итната помош требеа да паркират доле дури кај црквата после да се враќат со носилката горе. Значи месец и пол огромни проблеми, кои што ги имам не само јас, многу други во овој град.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници, почитувана јавност. Значи ако некој најмногу го тангира Ленинова тоа сум јас, затоа што живеам на спредната улица од Ленинова, на Кирил и Методиј . Проблемот со паркирањето на колите таму е најчесто проблем затоа што млади парови со мали деца идат со дечиња кои што имааат висока температура и најчесто го чувата во кола за да не го дружат со другите деца, да не се презаразуваат, меѓутоа тоа не е изговор за да се реше тоа. Не знам дали се сеќавате Градоначалник на средбите со урбаните заедници кога зборевме, зборевме дека таму можеме до ординацијата да направиме 3, 4 или 5 резервирани паркинг места, одма до амбулантата и да с е ослободе одма тој дел на улица за да може да биде преодна. Во делот на некултурата, значи имаме континуирано некултурно сообраќај и некултурни возачи, знаќи не само на Ленинова, ги имаме и на 7-ми Септември, ги имаме и на Шишка, значи каде и да погледниме значи станува збор до свеста на граѓаните каде паркира и како паркира. Така да во делот што се однесува на Ленинова неколку пати беше реагирано, кога ќе дојде полиција сите се разбегуваат, меѓутоа кога има тука службено лице е во ред, само што ќе си замине службеното лице, не може да стое тука нели 24 часа да контролира, повторно се полни со автомобили. Така да сметам дека тука Градоначалник може да се направи, ако може да помогне во многу ако се направат тие 3,4,5 резидентни паркинг места веднаш до амбулантата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали сметате дека во тој случај другите сопственици што имаат таму амбуланта што се надвор

од, незборуваме сега за таму, точно сега дека е фреквентна амбулантата, меѓутоа дали не вршиме дискриминација на места каде што имат амбуланти тие не излеват, а имат ист проблем. Дали тоа е во наша надлежност пред се за такво функционирање.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Претседателе јас само мислев дека може да биде тоа паркинг каде што ќе можат колите да бидат поблиску до амбулантата, условно нели си биде платен паркинг, си плаќаат паркинг на ЈП Паркинг.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Тоа треба амбулантата да си го превземе. Ние како Општина ако земиме да курдисаме на сите што имат амбуланти да му ослободиме, оти ќе направиме дискриминација меѓу амбулантите. Точно дека таа.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Ние не збориме да му ослободуваме, туку да се обезбеде простор за паркинг кој што ќе биде платен . Дали ќе го плаќа амбулантата или ќе си го плаќат пациентите не е битно. Битно е да има паркинг.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во делот на ОВР Кавадарци ние не можиме да се мешаме во делот на сообраќајот и треба секое непрописно паркирано возило да биде отстрането или санкционирано или опоменато. Тука е хроничен проблемот. Истиот проблем беше со улица Дисанска, сега завршивме и не ја коментираме веќе, затоа што се направи уште една лента, се прошири и се заврши, има паркинг места. Тука нема каде да се шире, таа е собирна улица од 3 примарни улички и е за граѓаните, за потреба на граѓаните, не може да биде за нејна потреба, а и за советникот Круме еве македонски синдром на Мито Хаџи Василев Јасмин поништено е местото, ама по грешка место поништиле. Еве сега тоа ќе го управат, а ова ќе го поништат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник.Точката ја ставам на гласање.12 за. Против 5 .Воздржани 1.

53. Извештај со арх.бр.02-813 од 30.01.2023 година за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управниот одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. 12 за. 5 против. 1 воздржан.

54. Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-814 од 30.01.2023 година, за дополнување и измена на Тарифникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општина Кавадарци, донесена од Управниот одбор на на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

55. Извештај за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија за 2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

56. Предлог-Решение изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници во Управниот Одбор на Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

57. Измена и дополнување на Годишен План со арх.04-30/1 од 06.02.2023 година, за вработување за 2023 година ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање точката.

58. Извештај за реализацијата на Програмата за работа за 2022 година на Младински Центар ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Едногласно усвоена.

59. Програма за работа за 2023 година на Младински Центар;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Едногласно усвоена.

60. Извештај за реализација на Програмата за работа на Здружение „Тиквешки Семејни винарии„ Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

61. Програмата за работа на Здружение „Тиквешки Семејни винарии„ Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

62. Програма за работа на Здружението„ Македонски дестилерии„ за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

63. Програма за работа на на Здружение „Винотек„ за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Едногласно усвоена.

64. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата Културно- социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-декември 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претставникот од Јадро е ми се чине тука, чека пошто негативно му е поминат Извештајот на Комисија. Има неколку размислувања од страна на претставникот, па би сакал ако дозволите да елаборира и ако престанува Јадро да функционира да биде тоа спогодбено,

да не биде на друг начин, да не функционира како таков субјект кој што е формиран пред 4 години. Едноставно ги немаме трошковите за понатамошна работа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Преставникот на Јадро е присутен, молам за елаборација на нејзиниот план за работа, повели и начин на функционирање.

ПРЕТСТАВНИК НА ПОДИУМ ЈАДРО СИМОНА МАНЧЕВА:Почитувани најпрво би сакала да кажам дека уметноста е производ на човековата активност која е својствено поврзана со сетилата, емоциите и со интелектот на индивидуата, затоа Подиум Јадро мината година имаше работилници кои што опфаќаа поетско пишување, работилници кои ја негуваат природата, рециклирање на хартија, текстил, обнова, цртање, сликање, набљудување на природата, изложби на домашни, на кавадаречки уметници и на странски автори, од Скопје, од Словенија, исто така соработувавме, целта ни беше да соработуваме со локалните институции и установи, соработувавме со Здружението Креактив, со Македонски Шуми, Секторот за хортикултура Кавадарци, Секторот Комуналец од Кавадарци, каде се обидувавме да имаме простор за работа, за реализирање на овие работилници, дел од изложбите ги презентиравме во Музеј Галерија Кавадарци, како и во Дом на култура, бидејќи немаме простории за работа и затоа го користевме градот и условите кои што ги има за да ја покажеме нашата работа и соработка и видливоста на уметниците во Кавадарци. Голем дел од тие работилници привлекоа внимание, особено кај повозрасните родители кои што имаат некои семејни, здравствени проблеми и на нивно барање разговаравме со ОУ Страшо Пинџур, каде што заедно со нив поднесивме програма до Министерството за култура за воведување обука на воспитните кадри во ОУ Страшо Пинџур, каде што 6 вработени во училиштето ќе имат можност да се едуцираат за Гешталд терапија која што во денешно време е особено потребна за изразување на мислите, на мислите на луѓето, емоциите и развивање на интелектот во развојот на децата. За оваа година исто така соработувавме и со Здружението од Велес, кое е Арт генератор, кое што имаше доста добар одзив, Велес имаше доста добар одзив со Џез фестивалот кој што го организира, затоа оваа година ставивме во програма да донесиме дел од тие музички перформанси да се изведат и овде. За оваа година освен ликовност, емоција, ирелација, арт терапија, музичкиот перформанс во соработка со Арт Генератор, исто така ја имаме и соработката со Водостопанство, со намера да направиме резиденцијален простор на Тиквешко Езеро за 4-рица до 5 уметници да ставиме во нивните простории да може да работат и потоа нивните работилници да ги донесеме овде во градот на сцена, со тоа што ќе го сработат таму исто групна изложба, да се остане надвор од центарот, повторно имаме работилници за рециклирање на отпадна хартија, на пластични материјали кои што сметаме дека се потребни за добар живот и за подобро секојдневие. Повторно ја имаме работилницата Мини жежи печи, мини тежок формат каде што ги испринтавме првите од спомен костурницата. Цртежот

е на архитект од Кавадарци во соработка со здружение од Скопје, учиме за сито штампа, каде што можеме од рециклирани отпаден текстил, отпаден материјал да ги произведиме торбите, но за тоа ни е потребен простор за работа и чување на материјалите кои што ги собираме за да ги обновиме. Сепак се надеваме дека оваа година ќе можиме да реализираме дел од добиените пари кои што ги имаме од Министерството за култура, кои што и ја покриваат нашата програма, а од вас ни е потребно подршка за инфраструктура и за работа на оваа установа. Моја работа е да ги кординирам и да се обидувам да обезбедам средства за вакви проекти кои што ќе внесат меѓусебна соработка и развој на едукацијата и на животната средина околу нас. Од Министерство имаме добиено 303 000 денари, од Општина Кавадарци бараме 568. Тоа е се. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми, останати присутни, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Најпрвин поздрав до директорката на ова установа од областа на културата, културно социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци. Пред седница имавме Комисија за култура на која исто така присуствував поставив неколку, односно едно, две прашања до директорката. Сакам да ги поставам истите тие прашања и на денешната седница на Совет на Општина Кавадарци. Во Финансискиот извештај нели Наративниот извештај за работата на оваа установа значи имаше една сума која што е одредена за плати и една сума одредена за сметководствени услуги. Во Годишната Програма со Финансов план кој што е за 2023 година има некое зголемување во делот на плати и зголемување на сметководствени услуги, па барам едно кратко појаснување на што се должи нели тоа зголемување на сума, кој што треба да се одвојат за плати.

ПРЕТСТАВНИК НА ПОДИУМ ЈАДРО СИМОНА МАНЧЕВА: Како што ви одговорив и претходно 552 000 беа одобрени од самото основање на установата се за поминување на плата за едно вработено лице. Таа плата моравме да ја намалиме за да може да го платиме сметководството, најмал проблем е со управувањето. Како што знаете за време на инфлација, за време на корона немаше никакви покачувања, но сметководството си ги бара тие покачувања, барем за ова следна година која доаѓа, а тоа се 500 денари месечно, наместо 2000, 2500. Јас се обидувам таа плата да се зачува за едно вработено лице за да може да функционира установата. 552, не е зголемување. Во делот на плата ако одиме по новите, основната плата е покачена, особено директорската плата не знам сега каде е отидена, но ние во Подиум –Јадро да ја зачуваме, управувањето на финансии и на правниот систем моментално таа плата е снижена за да можиме да не правиме проблем во финансиските сметки и во правниот дел . Е сега таа плата бараме да се зачува од 32 000 денара. Доколку сметате дека 32 000 за управување на една установа е многу, можете слободно да го ставите 20 000.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советот не е пазар да функционира ако не 30 000 , нека биде 20 000, значи мора да бидиме со чист есап што би рекле повозрасните. Значи ако е договорено и ако вашето барање е да биде на 30 000 нето плата, неможе на говорница сега да испаднам и да речам 20 000 нека биде. Мислам да биде малце концизно тоа. Ако е исцелокупено да биде вашето барање и износ како ти е напишано во вашето барање во ред не е никаков проблем.

ПРЕТСТАВНИК НА ПОДИУМ ЈАДРО СИМОНА МАНЧЕВА: Барањето за зачувување на таа една плата е во самата програма. Додека во договорот за основање постојат две вработувања на 2 плати, исто и простор за работа кој што ние уште го немаме 2,3 години, од самото одсновање и ние се обидуваме да најдиме начин за опстојување и комуникација. Сметаме дека нас ни се потребни несекојдневните уметнички и визуелни дејствувања, бидејќи за создавање на една реклама или на една брошура е потребен визуелен уметник. Ние се обидуваме тоа да го зачуваме во нашиот град и да ги едуцираме и тие околу нас. За тоа работиме работилници, правиме проекции за различни возрасти, проекции на филмови, дискутираме и бараме визуелни уметници.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Дали има уште нешто да се искаже во однос на овој ваш Извештај за јануари, декември за 22-ра година или точката да ја ставам на гласање.

ПРЕТСТАВНИК НА ПОДИУМ ЈАДРО СИМОНА МАНЧЕВА: За извештајот од претходната година сметам дека е целосен, видлив, како и соработките со сите останати институции и нивните презентации исто така, поради тоа што имавме 27 настани кои вклучуваат дискусии, работилници, проекција на филмови, изложби, промоција на книги, тие книги кои ги пишуваме ние колеги од Македонија во соработка едни со други, кои зборуваат за уметноста и за нејзината улога во општеството и за тоа како се финансира уметноста и како може да биде видлива и достапна за сите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред, ви благодарам. Почитувани дали некој друг бара збор. Никој не бара збор. Со тоа точката 64 Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата Културно- социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-декември 2022 година ја ставам на гласање. Кој е воздржан. 2 за и 16 воздржани.

65. Годишна Програма со финансов план на Културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци за 2023, донесена од Управен одбор на КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Кој е воздржан. 15 воздржани, 1 против и 2 за.

66. Елаборат за проценка на штета суша во општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за, двајца против.

ГРАДОНАЧАЛНИК: За информација на земјоделците и лозаро односно овоштопроизводителите, значи овој Елаборат сега за суша со мали измени

кои што ни беа укажани и во делот да ги приబериме од осигурителните компании, да некој во меѓувреме не бил осигуран, тоа е дополнување на елаборатот и да известам дека отворена е посебна сметка на Општина Кавадарци, сума од 5 000 000 денари се легнати од Влада кои што верувам дека оваа недела или наредната недела ќе бидат исплатени на земјоделците за мрзнење по основ на 21-ва година. Така да овие средства земјоделците кои што имаа мрзнење на нивните земјоделски поседи да ги очекуваат дека наредната недела најдоцна ќе им бидат исплатени на трансакциони сметки од износот вкупно 5 000 000 за сите оние кои што имаат пријавено во Општина Кавадарци.

67. Одлука со арх.бр.02-47/4 од 10.02.2023 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Едногласно е усвоено.

68. Предлог-Одлука за ажурирање на процена од загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

69. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година( Меридијан);

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

70. Предлог-Одлука за одобрување на текстуално дообјаснување на урбанистички план.

    Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

71. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

72. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на Програмата за развој на Невладиниот сектор треба да размислуваме во иднина да финансиските средства ги зголемиме заради фактот што минатата година сме имале едно здружение на семејни винарии, сега има и дестилерии, има и уште едно здружение на винарии. Вчера беше недобра атмосферата на самата Комисија за локален економски развој кај што почнуваат меѓусебно да се препукуваат во однос на рапределбата на средствата. Мислам дека во тој дел можеме да помогниме и повеќе и во делот на повикот што беше за невладини организации. Исто мислам така дека треба да ги зголемиме финансиските средства, еве ако нема можност оваа година пошто имаме веќе и усвоен буџет за наредната година и да работиме малце за подигање

на капацитетите на невладините организации, пошто ипак работат работа која што е од јавен интерес.
73. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“Реконструкција на трета лента на дел од Западен Булевар, магистрална улица М3 согласно ГУП на град Кавадарци.
Отварам претрес по оваа точка.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Она што и го ветувавме на граѓаните, тоа станува збор за проширување на со уште една лента од после Капелата до после кривината на Југо Комерц како регистрирана црна точка во Општина Кавадарци. Оваа е одлука што треба да ја донесиме во делот на кoофинансирање, во делот на диспаритети ми се чине, во делот на Агенција за развој и тоа решение доколку биде одобрено и од Агенцијата Општината Кофинансира со одредена сума за да ја изградиме таа трета лента, баш тука на самата кривина према Југо Комерц, со тое ќе се подобре многу и прегледот према самите возачи и нормално очекуваме тука да има поголема безбедност на движењето.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Кој е за. Едногласно усвоена.
74. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“Реконструкција на локален пат од село Бојанчиште до река Блашница (влив на Тиквешко Езеро) општина Кавадарци”
Отварам претрес по оваа точка.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи и ова исто е ветено во кампања, што го ветував и првата фаза која што ја завршивме во Бохула, од реката до чешмата, знаете каде е точно, сега од самата чешма во Бохула до влезот во Бохула втора фаза на реконструкција на целокупната коловозна лента со нов асфалт, заедно со Агенција за рурален развој и во делот на кофинансирање на Општина Кавадарци по објавен повик претходно на самата агенција така да ете тоа ќе се доврше и втора фаза комплет.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање од Бојанчиште до Блашница.
75. Предлог-Одлука за кофинансирање и одредување на приоритетен проект „Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара (од каскада кај Болница до мост на улица Видое Смилевски-Бато)”
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи за информација на јавноста, тоа пак е исполнување на ветената политичка програма која што ја имавме и нашиот обзир према граѓаните. Од мостот Видео Смилевски до Новата Болница изградба на речното корито, тука ќе се оди со комплетна изградба и на минор и на мајор речно корито, пошто немаме абсолутно никакво речно корито, со комплетна инфраструктура, уредување, осветлување и урбана опрема, целокупниот проект е 50 000 000 денари, од кои што 7 000 000 денари ќе ги кофинансира Вардарски Плански Регион, а другите средства ќе бидат на Општина Кавадарци, во три годишна развојна програма која што и претходно беше дадена на Совет како буџет за 23-та година и со ова мислам дека се завршува голем, голем дел од речното корито да вака

малку се потсетиме дека почнувајќи од Ваташа до Новата болница вие ќе имате веќе комплетно шеталиште и завршено речно корито со должина повеќе некаде од 6 до 7 км во градско подрачје. Тенеќе Маало има некој природен така тенденција на раселување од самите жители, поголемиот дел веќе си купиле куќи и на други локации, така да еве стандардот и они го подигнуваат, тоа што ние го очекуваме од нивна страна. Понекоја информација од вчерашна комуникација со жителите кои што се сега таму не се повеќе од 9 семејства и мислам дека Тенеќе Маало следната фаза која што треба да ја направиме, да направиме уште еден увид на самата состојба и оние кои се веќе раселени и имаат купено куќи на други места да тие објекти времени кои што беа оставени таму се отстранат, а по разговорот и посетата наредната недела со самите жители кои што се во Тенеќе Маало јас ќе ви елаборирам на нареден Совет или седница која што ќе биде закажано. Дали ќе има потреба да помогниме на некои од тие 9 семејства, да може и они да се прилагодат на други места и конечно тоа да ја добие правата намена, а тоа е зеленило, ништо друго, значи се пристапе кон рушење и се пристапе да се направе зеленило и си добие една средина, заедно со кејот која што ќе биде многу атрактивна во Општина Кавадарци, а притоа и нормално тие жители кои што претходно живееле таму си добијат посоодветни места за живеење. Според мои информации некои се раселени трајно надвор од Општина Кавадарци, едно семејство од мои информации неофицијални од 9 полнолетни граѓани, 8 се во затвор, дел од други семејства веќе се имаат преселено на улица Клинска, кај што и претходно дошле од улица Клинска и според мене треба да не дозволиме прво и основно која е мојата тенденција на размислување за не Тенеќе Маало, било каде, значи не ги делиме луѓето ни по еден основ, меѓутоа не треба да дозволиме следното грозје брање или наредното грозје брање направиме ново Тенеќе Маало или се вселат таму луѓе од други општини нелегално и притоа после да не може да постапиме ни по еден случај, а тие што се тука во Општина Кавадарци и допринесуваат за добробит на Општина Кавадарци јас верувам и вие како советници и јас како Градоначалник граѓанин би помогнале да имат подобар соживот, а и подобри услови за живеење, али ако се зголеме тенденцијата на прилив на луѓе од позагрозена категорија одстрана, тогаш тоа нема да има апсолутно крај, така да наредната недела ќе направиме една ревизија комплетна таму да видиме тие 9 семејства во кои услови се, колку жители се, полнолетни, малолетни, кои му се желбите, така ќе ги испочитуваме максимално и ќе донесиме една одлука заедничка , доколку треба со некакви симболични, мали средства да се допомогне, да тие најдат посоодветни живеалишта и на крајот од денот тоа после го направиме да биде убав градски парк и Тенеќе Маало вике нема да го викаме Тенеќе Маало, ќе го крстиме Парк на некој наш заслужен граѓанин да тоа биде едно убаво место за живеење и конечно таму покрај жителите кои што ги имат проблемите, меѓутоа и нашите сограѓани кои што живеат таму да имат поубави места, а и не бидат злоупотребувани од луѓе кои што доаѓаат од страна, затоа што пак

ќе кажам земјоделски град сме, идат луѓе многу во делот на земјоделската сезона, во делот на берење на грозје и други работи и после остануваат тука, а тешко ги прилагодуваме на нашата клима и воздух, додека да се прилагодат ни прават повеќе зулуми, така да овие што се тука се одлични и ние ќе си ги прилагодиме така како што треба заедно веќе. Инаку да знаете имавме и од Хелшински Комитет, мислам дека беше и од Здружение на Роми за злоупотреба и несоодветен третман и за дискриминација на Ромите во Тенеќе Маало и таа пресуда не знам до каде е, мислам дека е во наша полза пресудено затоа што ниту еден не е дискриминиран, ниту еден не е без вода, ниту еден не без канализација, ниту еден не е без износ на комуналниот смет, притоа да не плаќаат воопшто ништо према Општина Кавадарци. Целта е како и вчерашниот настан што беше во МТСП и Директорката од Детската градинка да таа инклузија на дечиња таму кои што се денеска ги вклопиме во општеството и на крајот од денот да бидат едни угледни граѓани, а дај боже и да бидат дел утре и од Совет на Општина Кавадарци и вработени во јавен сектор и да придонесуваат за добробит на Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

76. Предлог-Одлука За кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на локален пат во село Бохула-фаза 2".

Елаборира Градоначалникот. Кој е за. Едногласно усвоена.

77. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште) Општина Кавадарци.

Кој е за. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи со средства на УНДП Општина Кавадарци изработи на тендерска документација техничка целокупна документација, урбанистички, урбанизација, идејно решение, проект и ревизија на водоснабдување, канализационен систем и фекален колектор од самата месност Моклиште и над Моклиште со зафат на постоечката вода која што била прва вода за водоснабдување на Кавадарци и приклучок на сите викендици, правни, приватни субјекти до Ваташа, заедно со изградба на фекален колектор. Од тој случај како што ни е изграден сега колекторот до после Марена, ќе имаме целокупен опфатен колектор на фекалии и на отпадни води во делот на Моклишкото Езеро над Моклиште, па се до после Марена и мислам дека ќе имаме еколошки чиста развиена средина. Во овој дел апликацијата ја вршиме до Министерство за животна средина, во сектор води за изградба само на ми се чине 600 или 700 метра, на фекалниот колектор, а целокупниот проект е со вредност од 40 000 денари, така да со повеќе повеќефазно градење да можеме да го завршиме целокупно и покрај тоа да се донеси и водоснабдување и канализациониот систем и фекалниот колектор, а паралелно морам да потенцирам и да кажам дека веќе има

иницијатива која што е прифатена од Комисијата за урбанизам, мислам дека и помина на Совет за урбанизација на Моклиште како населба и како ереа за развој, така да мислам дека ова е правиот пат и момент после толку инвестиции накај сите неразвиени средини, патеката што се изгради и другите елементи да се донесат вода, канализација и фекален колектор. Само да потенцирам и да кажам дека очекуваме тука Владата што го зима заемот од 60 000 000 евра преку Светска Банка и преку Министерството за транспорт и врски, доколку биде парципирано по истиот соднос со претходниот заем кој што го земаа за улици и патишта Општина Кавадарци треба да очекува негде околу 1 400 000 евра средства неповратни преку Министерството за транспорт и врски, а во меѓувреме ние се спремаме да тие средства кога ќе стигнат, имаме готови проекти и аплицираме, а тоа е Брушани, Ресавски Залив и Брушанско, тоа е комплетно таму да се направе канализација и фекален колектор, сега веќе вода е однесено, исто на сите други села кои што ги имаме во руралните средини и приградски села кои што немат канализациони системи и фекални колектори, по примерот на Бошава и по примерот еве сега на Моклиште да ги опфаниме со изградба на канализациони мрежи и фекални колектори, а нормално во трета фаза и водоводна линија, така да јас мислам дека со развојот на Општина Кавадарци и со оној прогрес кој што го очекуваме за кофинасирања и за заеми од Светска Банка и нормално предпристапните фондови дека еден ден ќе разговараме и на повисоко ниво, како што се сега првите 600, 700 или 800 метра колку ќе бидат тендерирани од Бојанчиште накај Блашница асфалтирање, дај боже да стигниме и до Клиново и до Ќесендре и до Радња и до секаде да направиме асфалт како еден предуслов за развој на било која рурална или селска средина во делот на нивниот развој. Мислам дека доста и од советниците тука земаа голема заложба за цела таа работа иу еве поготово кординаторот на советничката група на СДСМ вака јавно би го повикал да во Министерството за животна средина еве земите активна улога во секторот за води, пошто имаат 67 000 000 денара нераспоредени средства на ниво на држава, што треба да ги распоредат да успееме со ова наше кофинансирање, земиме 4 000 000 денара, не му бараме повеќе и ние да дадиме 4, да го изградиме тој фекален колектор, јас мислам дека во тоа ќе успеете г-не Мелов и ќе бидете пофалени лично од мене, а пред се од граѓаните на Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање.

78. Предлог-Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на улица Ресавска"

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука имам само едно кратко прашање. Што опфаќа точно оваа реконструкција на улица Ресавска. Гледам дека тука вкупниот износ на овој преоект е 3 803 207 денари, од кои што Општина Кавадарци ќе учествува со 1 803 207. Чисто ме интересира во интерес на граѓаните што ќе опфаќа оваа реконструкција на улица Ресавска.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Улица Ресавска од Пионерска до самиот завршеток на Ресавска опфаќа комплетна реконструкција на коловозната лента со асфалтна маса, опфаќа замена на старите, дотраените дрвја според комисијата која ќе излезе на терен да ги виде и комплетна реконструкција на тротоарите, значи комплетна реконструкција на цела улица, надземната инсталација ќе биде спуштена подземно по примерот на Мито Хаџи Василев, на Вишешница така да Задругарска ќе биде комплетно реконструирани тротоари и асфалтната маса да се постави нова....

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Оваа точка ја добивме денес со која што ЈП Комуналец треба да склучи договор за лизинг во висина од 15 000 000 денара за набавка на одредени возила кои што му се потребни. Значи само да кажам дека не е спорно да се подигнуваат капацитетите за вршење на она што претставува дејност на самото ЈП, меѓутоа е спорно по мене повторно начинот на кој што се врши набавката и јас знам дека овоа е најлесниот начин да си земиме кредит, да си земиме лизинг, а да не инвестираме сопствени средства во зголемување на капацитетите, па понатаму некој друг нека мисли како ќе го враќа тоа и мислам дека оваа пракса на Општината, на ЈП-ја да постојано се задолжува, да се земаат кредити и да се лизинг и да се задолжува и Општината и ЈП-ја мислам дека треба да престане, се со цел да не се доведиме и да не ги доведиме ЈП-ја во незавидна состојба.

ГРАДОНАЧАЛНИК: ЈП Комуналец досега никогаш не купило основни средства од сопствени средства, основни средства за работа од сопствени финансиски средства. Или кредитна линија или лизинг. Во моментот располагаме со доста опрема, со два големи скипа во добра кондиција, два мали скипови во добра кондиција, две големи метларки, три помали метларки, нова цистерна за перење, теге, липкер ново 150 000 евра што го купивме, мислам реткост во делот на ЈП-ја и смеќарките се во една позавидна состојба, најновата смеќарка што е купена е 2018-та година претходниот мандат, порачана беше уште од претходниот директор и Градоначалник, таа ни е најновата, мислам ми се чине е со 10-тина м3 да собира смет, има 8 смеќарки и се во добра кондиција, меѓутоа помалите смеќарки како што се сега овие баш предвидени да се купат со 6 м3, затоа што земете во обзир дека сиземавме во последната година обврска како никогаш досега. Пред малку гласавте да одиме за Михајлово, да одиме за Брушани, Брушански Залив. Значи нема место што не е опфатено во Општина Кавадарци за изнесување на комунален отпад. Тоа се многу приклучоци нови, многу елементи и ние како ЈП предвидуваме дека нас ни се неопходни две за градот, градски помали смеќарки со момент да они го собират во градското јадро комуналниот отпад, а овие ги пренамениме за да бидат по руралните средини. Еден реон на вртење на Бошавијата, на Михајлово или било каде ќе биде над 140 км. Тоа е веќе сериозна одалеченост за собирање на комунален отпад, али тенденцијата и нашата заложба беше 0 отпад во Општина Кавадарци и да нема место каде што не се исфрлува комуналниот отпад и така е. Не заборавајте 2017 година во Сопот не се фрлаше отпадот,

во Дреново не се исфрлаше комуналниот отпад, а сега ние отидовме од Кожув планина го собраме и така треба и така ќе биде и затоа нашата тенденција е да се купат нови возила две на лизинг, кои што ќе останат сопственост на претпријатеието и во функција на претпријатието и тука не гледам никаква дилема за да си ги исплаќаат на лизинг, си имаат опертивен лизинг, си имаат финансова кострукција направено и во делот на инвестициите на основни средства на ЈП како Хидроцентралата што се изгради, опремата која што се купува сега во делот на механизација, фотоволтаиците кои што треба да ги изградиме 1 мw понатаки и тие ќе бидат со некаков заем или подзаем или некаков делумен грант што ќе ги правиме. Јас како викаше тоа бате не ме бране веќе, него го отепале. Вика така знае бате да бране. Со сите анализи кои што ги правиме, ако ние чекаме да собериме пари за камион и да купиме камион за да го исфрлиме ѓубрето, никогаш нема да го напарвиме тоа. Значи мора да ги обновуваме средствата за основните дејности на самото претпријатие, а мислите дека некој ќе ни даде лизинг и финансово задолжување и кредит ако немаме ликвидност и бонитет. Не постое шанса. Значи имаме ликвидност, имаме бонитет и за тоа ќе ни дадат или заем или лизинг за да може да одиме напред. Најголемата компанија, најбогата компанија нема да ја именувам што праве услуги во Македонија и Телеком земи го. Досега не се случило Телеком да купе камионче, кола или било што за пари. Сето го оде на оперативен лизинг, на финансов лизинг, на отплата, на доплата и било што. Толку е достапно тоа и толку е напред отидена таа работа што мислам дека нема потреба да се размислува за сопствени средства. Ние може ќе имаме некое наше сопствено учество во делот на кофинансирањето и најбитен момент е што зимаме товарни возила. Сите овие возила се товарни, со поврат на ДДВ од 18% и со понатамошното функционирање ЈП си враќа трошкови и на гориво и на се така да не купуваме ние, не знам луксузни автомобили за било што или било како. Сите се во интерес на општеството и мислам дека така и ќе остане, така и ќе биде, така и било, така и треба и да биде.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Никогаш викате не се купило од сопствени средства. Вие сакате да бидете иноватор, еве јас ве потикнувам да купите вие прв од сопствени средства, ако е тоа така. Значи јас мислам дека сите овие аргументи се користат се со цел да се даде оправдување на оваа работа. Самите зборувате тука и не убедувате, ние сме една година тука советници колку е добро ЈП, колку добро работе, колку е ликвидно, па може ЈП да си планира одредени сопствени средства за инвестиции за подигање на нивните капацитети за подобро вршење на неговата работа. Зошто тоа да не го прави ЈП ако добро работе и ако добро функционира. Зошто да оде се на кредит ли, да се оде на лизинг и на задолжување. Јас мислам дека се одбира ова како полесен начин, да се земе кредит, да се земе лизинг, да се враќа одреден период, после тоа тој кој што ќе дојде нареден тој ќе мисле. Значи јас мислам дека се бира полесниот начин да се спроведе и да се набават одредени средства.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во делот на оперативните работи Директоре јас мислам дека му образложувате. Сите оперативни работи ЈП Комуналец си ги врше со сопствени средства, ниту заем бара, ниту лизинг бара, ниту бара реверс, ниту ништо. 900 м. правиме колектор човек, реконструкција. Тоа е како да ти кажам не знам многу, над 20 км ЈП праве годишно реконструкција на водовод и канализација, 700 нови приклучоци на Брушани и Брушанско. Приклучоците ги праве ЈП Комуналец. Значи не зима лизинг за тековните реконструкции и обврски, си ги финансира финансиските работи редовно. Е сега ние зборуваме за нови возила, ние зборуваме за возила. Зошто мислиш дека е полесен начинот да го купиш на лизинг и дека на секој месец кога ќе ти стига рата, треба на 15-ти таму финансовиот дел и директорот да има 500 000 на сметка да ги плате, е тоа лесен начин. Јас еве една препорака ќе ви дадам. Зошто не побарате еве тука е и докторот Манев, тука е и друг доктор, имаме и трет доктор и сето е доктори. Вие во Болницата Општа немате комбе соодветно да однесите пациент соодветно во Скопје, ама и да побарате лизинг нема да ви дадат. 100 000 000 сте задолжени. Значи лизинг јас пак ќе повторам Мелов лизинг дават на тој што има бонитет и кредибилитет да врате. Тебе ќе ти дадат кредит, ако немаш капитал. Не. Лизингот е многу убава работа.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сега разговараме за финансискиот лизинг да се образложи зошто е подобро со финансиски лизинг, него со сопствени средства. Ти почнуваш да мешаш што работел Комуналец. Јас ти реков ако нема претпријатието пари лесно , ќе си ставите одлука, ќе ви ја изгласат и ќе зголемите јавна давачка и ќе има финансиски средства за да ги враќа претпријатието. Така функционирате досега. А Општа Болница низ цела ковид криза не наплати на ниту еден пациент лекарски третман . Сега ако навлегуваме во таа тема, само ќе ја расплиниме дебатата. Треба да објасните зошто сметате дека е подобро. Јас сметам дека не е . Јас мислам дека ЈП може да си оделува одредени средства за инвестиции во нареден период и да купува од сопствени средства и да го подига на тој начин капацитетот на работа на самото претпријатие.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Мелов денеска јас само ја бранам одлуката на Директорот и на Управниот Одбор како Градоначалник. Ај Директоре кажи зошто е подобро лизинг , него да ги чекаш средтвата. Јас не менаџирам со тоа претпријатие. Си има директор. Јас ја бранам нивната одлука и ја оправдувам одлуката дека треба да се земе тоа на лизинг.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама не можеме ние да се изземиме. На крајот ние носиме одлука на Совет. Ако ние не донесиме одлука на Совет дали тој може да земе лизинг.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Одлука носи мнозинството. Ама што е подобро. Да имаме утре нова смеќарка или после 2 години да имаме нова смеќарка.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не да ЈП да работе, да ЈП врз основа на сопствени средства, кои што ги собира да инвестира и во основни средства.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Невозможно е тоа. Значи ти ако тоа го овозможиш тебе ќе те земат во било која компанија да бидеш менаџер. Ќе ти дадат 30 000 евра плата месечно.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се оде постепено Градоначалник. Прашањето е дали има претпријатието пари или нема што вика колегата.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Значи вака. Претходните возила што беа земени.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кратка реплика.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега еве досега имаме и квартални извештаи и годишни извештаи од ЈП Комуналец и ги гледаме сите тука како советници и знаеме дали тоа претпријатие е во добра кондиција или не е во добра кондиција. Јас сметам дека е во добра. Мислам и дека ако не сите, повеќето од вас тука би се согласиле дека тоа е во добра и тоа во одлична кондиција и еве јас зошто ќе гласам позитивно за оваа точка. Јас да сум менаџер на тоа ЈП би постапил исто. Заради тоа што не би затворил одреден дел на средства за да купам одредена механизација, кога има можност на лизинг или на кредит да заштедам и на време и на финансии.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Значи вака Градоначалникот што си спомена сите возила, тие се земени на кредит, кој што истекува 24-та година. Змачи со самото тоа и претходните возила се земени на исти начин. Значи средства ние што ги имаме, средствата ги пренаменуваме од граѓаните за граѓаните. Значи за реконструкција на улици и ред други работи. Значи сега овие возила ги зимаме на исти начин како што биле земени и претходните. Да и редовно се подмируваат сите обврски.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве Роска е тука повозрасна и подолг период има во ЈП Комуналец стаж. 2018 година со моето доаѓање и Ѓоко Поп Ицов мислам беше директор. Колкав долг имаше ЈП према УЈП. 42 000 000 така. Сега колкав долг има. Исчистен е долгот од 42 000 000, а вие во кампања викавте дека вишок средства према државата немавме никакви долгови. Не. Значи не ги зимате во обзир работи ко што биле од претходно оставени, а ако земиме да се вратиме назад пред 2018 и претходниот директор, јас немам намера да го фалам, меѓутоа он бил уште во полоши услови бил и беше неплатен Комуналец, придонеси, 4,5 години. Така да ЈП Комуналец е во топ кондиција разберите. Направите една анализа со Струмица, со Велес, со Скопје, со Битола, со Штип.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Само кратко. Има една дефиниција во економијата. Никогаш не се прават долгорочни инвестиции со краткорочни обртни средства и точка е ставено. Јас не се слагам потребните обртни средства за нормално функционирање на било кое, дали било ЈП или било приватно претпријатие да се употребат за долгорочни инвестиции. Не ја знаев ваа дефиниција. Првен го осетив на мојата кожа, после прочитав. И јас долги години не бев ликвиден затоа што направив јас лично во мојата фирма долгорочна инвестиција и затоа го оправдувам начинот и ако се земе пример и еден од најголемата фирма во нашата општина што

објавија пред 10, 20 дена со колкав капитал располага, моите сознанија се дека он има милиони, милиони евра кредит кај банката, не ги употребува неговите средства, туку сепак користе кредитни линии со кои се овозможува нормално работење.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи сака да се изврте одредена работа и да се прикаже дека секој кој што правел инвестиција, правел со кредит. Не е точно.Ти си бил ајле време менаџер на твојата фирма. Постојано ли со кредит си функционирал или си инвестирал само со кредит. Има одредени компании коишто оставаат одредени средства за инвестиции во нареден период. Сега да не се правиме наивни тука. А нне може секоја инвестиција да си ја образложувате и да си ја правите на овој начин со кредит и со лизинг и со се.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Директоре колку на денешен ден имаш сопствени средства на сметката. Колку имаш ликвидни, твои оперативни средства на сметката на денешен ден.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: 13 000 000. Вака само еден податок да изнесам значи моментално ЈП Комуналец за оваа 2022 година завршена значи инвестиции кои што ги има од сопствени средства, значи дел од средства, некои и Општината нели како што е дел од пазарот што го изгради дел исто од Централата, што исто нели спомнавме на кредит земено, за оваа година има инвестирано 141 000 000 денари. Од тие пак точен податок нема бидејќи пред мене е заклучниот лист, ама тврдам дека се 40, 50 000 000 денари се од сопствени средства. Градоначалникот пређеска спомна за каде што правиме колекторски систем 900 метра, тоа сето е основни средства и инвестиција. Значи знаеме МС стандардите, колега и ти ги знаеш дека се што е над 500 евра и над 1 година рок на траење е инвестиции. Значи тука компјутерски софтвер и надоградба на системите има 860 000 денари инвестирано, градежни објекти, водоводни, канализациони 113 655 2022 година, опрема, енергетски постројки, компјутери, сервисирање, опрема, канти, тезги исто што беа од Општината 26 535 000 или негде 141 000 000 инвестицијата е само за 2022 година на ЈП Комуналец. Тоа сакам да кажам дека се инвестира, не е само за тековни трошоци и плати. Тоа кога се гледа обврските, се гледат и побарувањата. Се гледа колку имаш и побарувања и обврски, а не само колку се обврските. Значи треба и побарувањата и кеш лоуто. Колега тоа во сметководството и во финансиите се вика актива. Кога се гледа на едно претпријатие билансна состојба, не зборуваме значи за билансот на успех, значи се гледа основните средства, се гледа единицата побарувањата, се гледа двојката обврските, се гледа тројца залихите, што моментално и тие ни се на 30 000 000 денари и се гледа деветката капиталот, значи каде што има во производство, се гледа и шеската. Едно мало објаснување. Значи се гледат тие фактори, а не колку имаш обврски. Значи се гледаат сите овие класи во сметководството да се виде состојбата, а билансот на успех е друго.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Кој се против 7.

83.Предлог-Одлука за прифаќање на Годишниот Извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам точката на гласање. Едногласно усвоена.

84. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023.

Отварам претрес по оваа точка. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Образложение . Пошто денеска ни ја ставивте точката, немаме образложение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Образложението е во самата одлука доставено до нас. Тоа е причина за донесување за предложената одлука е неопходна потреба за благовремено отпочнување на постапка за јавна набавка за прехранбени продукти и пијалоци, исхрана ланч пакет за учениците во основните училишта во Општина Кавадарци од прво до петто одделение за учебната 22/23 година од страна на Комисијата за јавни набавки. Значи ова одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел од Буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година. Истата ќе биде вградена во буџетот за 23-та година со првиот ребаланс од Буџетот на 23-та година.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По исполнување на нашата програма која што ја имаме ветувано и по вашите пресови дека не си ја завршуваме обврската и она што го зборував уназад 2,3 седници и ви кажав дека јасно и гласно месец мај , ќе биде пробен период од 1-ви мај до 14-ти јуни, оваа година ќе биде 4 дена продолжена учебната година, ќе биде пробен период за од прво до петто одделение добиваат децата бесплатен оброк, направено од листи, направен по одобрение од Министерство за здравство и за образование и прилагоден простор што можат децата да си ги користат во своите училници на големиот одмор. За таа работа треба да се одвојата средства и овие 2 700 000 денара да бидат точно за тија период од 1-ви мај до 14-ти јуни, односно за 24,25 дена учебни на самите ученици. 1810 ученици ќе ги храниме бесплатно, целокупно од Општина Кавадарци. По донесената одлука на Совет, ќе се распиши тендер, односно прво ќе имаме техничка комуникација со операторите заради доставата на храната по ХАСАП стандарди, по сите работи што треба да ги исполниме и нашите ученици од 1-ви мај од прво до петто одделение, ќе се храната бесплатно како оброк, однапред одобрен од Минисерството за здравство и Министерството за образование, по примерот на неколку други школи, али таму е на еден друг начин со 50% коофинансирање од родителите, кај нас ќе биде целосно коофинансирано од Општина Кавадарци. По анализа тоа што го кажав и претходниот Совет на овие 24 учебни денови, со наши луѓе од Секторот за образование, од директорите кои што ги имаме по нашите основни училишта и по анализа направена дека овој оброк, кој што ни е одобрен претходно од нутриционисти и од одбрено од Министерството за здравство и образование биде прифатено од самите ученици, а не биде тема на фрлање да речиме на не дај боже на самиот оброк за 23-та и 24-та учебна тогаш

го правиме ребалансот и носиме буџет од 18 000 000 денари годишен отприлика според испитувањата на пазарот за тендерирање за цела 23-та, 24-та година за 1810 деца за целокупната учебна година. Значи како што ветив и како што кажав на претходниот Совет дека месец мај до крајот на учебната година ќе биде т.н. пробен период за исхрана на самите дечиња во училиштето. Доколку сакате подробно да се запознаете со таа работа јас и Општина Кавадарци значи ви стое на располагање од утре натаму да ги видете предлозите кои што ни се дадени во делот на оброците кои што треба да ги добиваат децата. Тие се оброци со точно калории, со точно масти, со точно определени грамажи, со точно пакување, со сите стандарди кои што треба да ги поседува било која компанија за да го произведе тој оброк. Значи мислам дека сега пак можеш да бидеш задоволен и од воа, али тоа што го реков тоа го направив. Нема да те терам да ги повлечуваш пресовите, пресовите ни беа мотивација побрзо да работиме, така да еве и тоа нека биде малку дел твоја заслуга, во делот на пресовите, наша мотивација да го сработиме побрзо. Во моментот од она ние како што го имаме како информации, значи законот ни дозволува да се впуштиме до една граница, впуштањето наше е до економските оператори до истражување на пазарот 3 компании, пак ќе повторам 3 компании имаат капацитет да ова го работат во Општина Кавадарци. Прво и основно невкусно е што како советник ги спомнувате некои правни субјекти или физички лица. Еве да ти кажам не може да биде ниту еден ресторан, ниту една народна кујна не може да биде, ниту еден објект што праве свадби. Значи треба да биде објект, кој што поседува претежно пекарска индустрија. Нема ние да му дадиме манџа на децата да сркат таму. Значи си има претходно определено. Кажав дека 3 компании на територија на Општина Кавадарци се заинтересирани и ги исполнуваат предусловите за оваа работа. Дали ќе се јават 3 или 33 на тендер или ќе се јаве од Велес компанија, па ќе си инвестира во капацитет на пекарство во Општина Кавадарци. Тоа е веќе право на секоједен кој што може да го исполне ова како што треба. Не мала работа, а па воопшто не е мала одговорноста 1810 дечиња секојдневно да му носиш оброк. Вие сакате да кажите дека 2 700 000 денара некој ќе ги чаре како што излегуваме на пресови политички и кажуваме за тендер. Не. Ова е бруто сума за каде што треба да ги хране 24 дена 1800 дечиња. Еден оброк по нашите економски анализи направени на сегашна ден, дај боже да паднат цените на житарица, на брашно, на гориво и тие работи сите млечни производи е 70-80 денари по порција, а ако падне тоа е добро дека ние за помалку пари ќе дадиме поквалитетна храна и соодветно ќе ги однесиме во училиштата, а земајќи го во обзир дали еве вие лично како советник би се нафатиле да храните 1800 деца. Јас лично не. Одговорноста е поголема од пред се како одговорност.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа во делот на, значи ова станува збор за пилот проект кој што ќе почне да се применува од месец мај така. Значи одлука носиме за пилот проект така.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е пилот проект. Значи можеме да го наречиме како сакаме. Носиме одлука за пробен период од месец и пол .
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Готово значи како пилот.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Оти искрено да ви кажам, верувам дека сите сме на исти став. Ако 80% од децата храната ја фрлаат, во тој случај ние носиме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ајде малку да зборуваме за храната. Во вашата изборна програма имате предвидено 50 000 000 денара во однос на оваа работа . На последната седница на Совет кога разговаравме и го предлагавме Амандманот викате дека негде сумата е околу 35 000 000 . Ние зборувавме за здрав оброк за секое дете. Така беше . За здрав оброк . Да не испадне на крајот на децата да им даваме и да ги храниме со банички. Пошто јас и некои такви информации имам. Да не прејудицирам ништо, пошто и износот кој што го спомнувате е драматично понизок во однос на оној кој што беше предвиден и планиран. Да не испадне на крајот само да направиме нешто колку да кажиме дека е направено и да не биде прифанато од страна на самите деца и да се случуваат такви работи со фрлање на храна, пошто од 50 000 000 да се симниме на 18 000 000 тоа мене ми е малце сомнително во однос на што храна би му се давало на децата, пошто зборувавме за здрав оброк.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи според критериумите на Министерството за здравство и образование и според условите кои што ги дозволува да ние ги дадиме како оброк на тоа дете си има свои критериуми и законски регулативи. Ова ни е дадено од Министерството, не сум го измислил јас. Еве сега ќе ти кажам. Понеделник вртен геврек со кравјо сирење, мин. Масти 45% +-0,5, брашно тип 500 , вода, квасец, суво кравјо сирење 20 гр. Јогурт мин. со масти 2,8 -3%, во соодветно пакување мин. 200 мл. 350-400 калории, Вторник пециво со лиснато тесто полнето со фил, со крем од ванила, состав итн. Среда бурек со кравјо сирење. Четврток штрудла од кори со фил од јаболка. Петок лиснато со кравји кашкавал со мин.40% итн. Тоа е првата недела и втората недела. Домашна пита со домашно сирење. Не исто втората недела е различно, лиснато тесто со чоколаден крем, пециво од лиснато тесто со кравјо сирење, кроасан со овошен мармалад и на крајот петок вртен ѓеврек со кравјо сирење. И пак така се повтара. Е сега ако вие мислите дека нешто друго може да ви одобре Министерството повелете нека ви одобрат, нека ви даде да јадат. Ама ни џабе си правиме муабет. Ама што, тоа јадиме и денеска. Па еве спаѓа во здрав оброк и оброк кој што треба да го јаде едно дете. А што треба да јаде насабајле дете.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Зборувавме за здрав оброк така. Проценките кои што ги правете минатата година кога зборувавме за оваа тема и на претходната седница пред Нова година на последната седница зборувавте дека станува збор за здрав оброк и кажувате некои суми

од 150-160 денара кои што ги работела општинската администрација и кои што треба да внесат и да му овозможиме на децата таков оброк и зборуваме дека банички, вакви работи не влеват во таа храна. Кој може да процене дека 150 денари чине една баничка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи 50 000 000 денара е буџетот ставен за хранење на деца од прво до деветто одделение. Ние кажавме на почеток дека почниме прво со од прво до петто, а после да видиме дали ќе ги вклучиме од петто до деветто. Повозрасни се генерациите, одат по тостови, по хамбургери и по други работи и не можиме на тој начин да ги вклопиме во делот на ова. Сите скопски училишта кои што имат храна одат по оваа методологија. Не постое друга во државата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Како стигнате до проценка од службите општински дека еден оброк за едно дете за еден ден изнесува 150 денара. Што вметнуваше ти оброк, а што вметнува вија оброк. Сега да не се правиме наивни. 150 денара ви кажате и затоа ви е таа сума ставена и во Изборна програма и на ваквото што.

ГРАДОНАЧАЛНИК: 50 000 000 е ставена од прво до деветто.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: До петто. Ќе ја донесам нареден пат програмата, ќе видиш дека е до петто.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Може. Значи тоа е паушална сума која што ја ставиле, а дај боже. Може и да е така. Е сега грешка ли е, поевтино што ќе го купиме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама како го пресметавте 150 денара. Што опфаќаше тија оброк. Тоа мене ме интересира.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сега ние сме во завршна фаза на економската анализа и гледај сега колку сме објективни и кажуваме тоа што е. Јас не викам дека ќе кошта 300 денара, дури и ова е дискутабилно. И јогурт има и сокче од праска и се има. Кој ќе ти даде смути да му дадиш. Си има правилник за таа работа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Потсети се настрана од овој муабет, потсети се што опфаќаше пакетот од 150 денара од планираната сума од 50 000 000.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Нема, не имало никогаш анализа направено, ставено е како оброк е ставено дека ќе биде 150 денара, а никогаш не е ставено прецизирано точно што да биде.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не, не ти ми кажа вака. Има одреден пакет, го работе Општината, проценета вредност е 150 денара оброк, ќе биде здрав оброк. Што опфаќа тија пакет кој што сте го работеле. Или сега ме лажиш или тогаш си ме лажел.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Истиот пакет е доработен со претходни анализи и земени од Министерството за образование и за здравство, со печат и потпис нивен и е стигнато до ова што е стигнато. Јас пак паушално зборам. Јас кажувам дека треба да кошта оброкот од 60 до 80 денара, а што вика советникот ако не ми се јаве никој на тендер дека може

да ги опслуже 1810 деца во еден момент. Не е така таа. Јас ти кажувам. Еве ти кажувам Ангро Промет Тиквешанка викнат, вика јас воа не можам да го опслужам и ред други. Ај вака сега. Да паушално збориме кај што се деца во прашање дека ќе дозволам на некој однапред да го најде и да ги хране по било која цена, за некој друг да има материјален интерес или било каков друг, јас имам 3 деца и немам тронка размислување такво. Значи ќе ти потенцирам и ќе ти кажам со кои тројца оператори е зборено и се заинтересирани, а од тука натаки како сакате сфаните го. Специјал Индустри, фирма која што го хране Дрекстер Мајер и има пекара во Дрекстер, еве ја советничката работе во Дрекстер, еден можен кандидат. Втор можен кандидат Здравје пекарите. Втор можен и трет можен кандидат Индустри Сервис Драган. Никој досега друг позитивно не ни се одзва на ваква понуда. Да. Тие се 3 компании што се имат произнесено позитивно да размислиме, да разгледаме и сите се, вчера уште ова ќе ти спомнам вчера се понуди Дрекслер Мајер да видам дали може тоа законски да го направиме, доколку биде Специјал фирмата, Дрекслер Мајер се нуде фирмата донациски логистиката од пекарата во Дрекслер Мајер до школите да ја изврши донациски, затоа што ни еден не се нафаќа таа логистика да ја врши во исто време во ист момент. Тука е проблемот. И ова е разговор вчера со Лукас, Генералниот директор мисле дека има потенцијал за таа работа, дека имат желба они ете да помогнат на Општината во делот на логистиката на таа храна, али тоа нема да го дозволиме ни, се додека Агенција за храна, Министерството за образование и Министерството за здравство не ни даде документ дека може Вуко, Трајко, Петко тоа да го врше. Оти храната од производство до конзумација има свои ХАСАП стандарди и пат. Значи ние мора да го однесиме тоа како што треба, на секое дете спакувано. Така да во тој дел сигурен да бидиш дека ќе биде како што треба.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Наредната точка 85 е Инцијативата од Претседател на Совет на Општина Кавадарци. Тоа е за одобрување финансиски средства во износ од 30 000 денари за секое поединечно лице, кое беше присутно во катастрофалниот земјотрес во Р. Турција. Се работи за 9 пожарникари на ТППЕ Кавадарци. Во дијалог и разговор со Градоначалникот г-дин Митко Јанчев произлезе ова инцијатива, еден хума гест и една голема благодарност до присутните 9 пожарникари, кои несебично го дадоа дел од својата помош за овој катастрофален земјотрес во Р. Турција. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. И последната точка 86-та точка:

86. Иницијатива за расправа за проблемите во лозарството

Повели Перо Николов, подносител на самата инцијатива.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Благодарам Претседателе. Почитувани колеги знам дека сте веќе заморени, меѓутоа времето не гази нас, а ги

гази и лозарите. Земјоделските активности, односно лозарските активности се веќе на големо отпочнати, се крое, се симнуват прачки, се изнесува, се врзува, се затегнува итн. Ако земиме дека лани ни останаа околу 10 000 000 кг. неоткупено грозје, останаа по нивите необрани, дел од грозјето остана и по домашните визби да се праве ракија и да се снаоѓаат луѓето како знаат и умеат . Сметам дека ова точка е една од битните точки, која што треба да ја иницираме што час поскоро да може да се известат граѓаните , лозарите односно да добијат некакви информации во врска со оваа годишната реколта која што планираат винариите да вршат откуп на винско грозје и не само на винско, него тука треба да биде опфатено и трпезното грозје. Лани имавме нерегулиран откуп, хаотичност , така да мислам дека треба во овој дел ние да делуваме малку повеќе. Тука би го напоменал и нерегулираниот начин на снабдување на вода на лозарите, односно имаше прекини или пак доцно пуштање на системот за наводнување со што директно се влијаеше на квалитетот на грозјето во Тиквешијата. Ние како Општина досега активно учествуваме во делот на смарт земјоделството, односно оние мерни станици кои што се поставени, кои што ќе ни користат во голема целост на земјоделците за да моќат навремено и точно да извршат заштита и наводнување на лозовите насади, меѓутоа сето ова ќе ни биде џабе ако немаме навремена дистрибуција на вода, ако немаме сигурен пласман на нивното производство и сметам дека со оваа точка сакам всушност да се повикат надлежните институции, кои што се одговорни за земјоделскот производство, Министерството за земјоделие, Министерството за финансии и сите други институции, кои што можат да помогнат во целост да се надминат проблемите во лозарството кои што во текот на последните години се наталожени, да се разговара кои количини треба да бидат откупени, која цена ќе биде на грозјето, а трошоците веќе неколкукратно им се зголемени на самите лозари. Исто тука би сакал да добием информација од надлежните институции, пошто во разговор со службите на Општина Кавадарци и со Градоначалникот проектот за изградба на дестилерија во Општина Кавадарци е доставен до надлежните институции, значи да видиме до каде е таа ситуација , што може да се помогне и колку час поскоро може да ја завршиме таа работа за да можат дел од лозарите, кои што сопственото производство ако не можат да го предадат во винарите да биде складирано во оваа дестилерија . Ако земиме во предвид дека Општина Кавадарци само ланската година по однос на продажба на земјоделско земјиште инкасираше во централната каса околу 600 000 и повеќе од 600 000 евра мислам дека е редно дел од тие средства, барем дел од тие средства да ни ги вратат назад баш за изградба на оваа дестилерија која што ќе ни биде итекако неопходна на самите лозари. Така да сметам дека со ова да се направи иницијатива, да се повикат надлежните институции и да се добијат

информации и да се одржат состаноци и со винариите и со Здружението на лозарите и да се дојде до некое мислење колку, што и како, односно информација колку, што и како е планирано оваа година да биде откупено. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани инцијативата на нашиот колега советник заедно со заклучоци. Се извинувам. Повели.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас се слагам со инцијативата со колегата Николов со надополнување ако може во најбрз временски рок да се свика една средба со Здружение на лозари, со винарските визби, со претставници од Министерството за земјоделие, исто како минатата година и да се разговара на оваа тема, а тука би ги вклучил и пратениците што се во Републичкото Собрание да иницират час поскоро донесување на новиот закон каде што треба да се регулира веќе таа фамозна производна цена со законот и да се наведе во законот плаќањето, веднаш плаќањето на грозјето, да не се врше со задржување на 8%, односно 8 % помалку ако сакаш веднаш пари да земиш за предаденото грозје една работа и да се најде начин во новиот закон да се вметне некој збор со кој ќе се тргне терминот што беше употребуван од страна на винарските визби за откупот во 2022 година, каде што се наведуваше франко донесено и сега некој ако има винарска визба во Берово трошковите за превоз паѓат на терет на лозаропроизводителите. Мора да се најде начин таков, Значи има забелешки и во делот на законот, што е веќе во Собрание доставен и нашите пратеници да влијаат со некој амандман или преку Комисијата со комисиски расправи тие работи што му сметат и што ќе сметат при откупот на грозјето да се регулират со законот . И затоа барам како заклучок да се донесе средба што ќе се дефинират сите тие и забелешки на законот и час поскоро донесување на законот и за дестилеријата што се спомна како алтернативно решение на таа количина на грозје што ќе биде вишок, а и винарските визби да бидат коректни. Ако до 31-ви март по законот треба да достават количини на грозје кои што треба да ги откупат они за оваа винска година 23-та, да ги испочитуват тие количини, ама по тие цени производни кои што ќе бидат утврдени со посебна комисија, во соработка со лозаропроизводителите. Ви благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега Перо вие сте од тој сектор и ги знаете работите повеќе од нас, али ние од контакти со граѓаните и од она што знаеме што е реално, овде 20 години расправаме приватни винарии, лично јас, земјоделци и ги лажеме луѓето. Ингеренциите на Локална Самоуправа кои се, што можиме, прво да расчистиме меѓу нас, државни закони и Закон за вино, тоа е работа на државата. Кои ингеренции ги има Локалната Самоуправа, кој сум јас на приватна винарија да и наредувам да откупи толку и на земјоделецот да му даде по таа цена. Тука да ги расчистиме работите. Да не ги лажиме граѓаните , ние ќе посредуваме, ќе вртками околу вас, ќе ве лажиме

и на крај не е наша работа. Чист есап према граѓаните. Што е надлежноста на Локалната Самоуправа и кај е местото во таа работа. У пазарна економија приватна винарија, приватен земјоделец. Што можеме ние. Ако не знам јас како советник имаме служби, викаме некои да ни кажат кои се ингеренции и кај можат, како даваме храна за учениците, можеме и на земјоделците да му дадиме субвенции или наводнувањето или заштита, у кој дел како можеме ние да помогниме. Ние сега се фаќаме за работа што не можиме да ја направиме, али како политички поени на овие партиите им се добри, ние ќе го решиме проблемот, ќе му наложиме на овој да купи, овој да продаде и да ограниче цена. Градоначалник јас не знам оваа работа каква е, али и ти не знаеш, да најдиме некој што знае. Ок Перо знае, ама каде ни е местото. Да не ги лажиме граѓаните. Граѓаните чекат од нас. И после пак бунтуваат, штрајкуваат. Нашата надлежност е 0 или имаме таква надлежност можеме, неможеме, да бидиме искрени. Колега во таа насока. Градоначалник се слагам со тоа пратениците горе да влијаат на закон, државата да донесе закон, ние да го почитуваме законот, али немаме закон за винои, немаме ваков закон, наков и ние сега решаваме туѓи проблеми кај што немаме ингеренции и надлежност. Не знам јас како советник дали можам да го решам тој проблем, ама овој политички што е ставен знае, може и после не е до мене. Не е добро. Како ќе влијаеш на винарија. Да го уценувам. Па тоа Градоначалник да го изјасниме кај можеме и што можеме сега. Ај Перо колега објасни ми, не знам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван колега Сакалиев, ниту сум лажел, ниту планирам да лажам некого, ниту спомнав дека ќе го решам проблемот со лозарството, ниту спомнав дека ќе го решам проблемот со цената. Ние како Совет и како советници ако ништо друго, ако сакаме да водиме грижа за нашите лозаропроизводители, треба да бидиме иницијалната каписла кои што ќе ги повикаме винариите, здруженијата, лозарите, министерствата, да ги седниме на една заедничка маса за да можат да почнат да се дојде до некојаси солуција за решавање на проблемот. Не вршење на притисок. Вршење на притисок е кога си прават муабет Вукето и Градоначалникот, ти вака, ти така. Не е вршење на притисок. Тоа е водење грижа. Јас не го сметам за вршење на притисок, тоа е водење грижа. Не правиме притисок ние. Значи јас не реков дека винариите треба да го купат сето грозје, него да кажат ние ќе си купиме толку, тие ќе купат толку, значи да се направе еден конструктивен муабет, да се направе една конструктивна заеничка работа да знаат лозарите со што се соочуваат. Јас тоа го зборам. На крај краева да си го бара секое своето чаре, дали некој ќе продолже со лозарството, дали некој ќе го прошире лозрството, дали некој ќе заврше со лозаропроизводителство.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ова нема да биде реплика пошто не ги знам работите. Ние да се договориме како советници ради тоа

што ти си постручен во таа работа, да ти дадеме тебе една обврска оваа година дса ги расправаш овие лозари и винарии, да не губиме ние време и ние ќе те почитуваме тебе и ако донесиш некој резултат стоиме зад тебе. Да ама да се изземиме ние и грешките и успехот е твој. Да не ни препишуват на сите значи. Една одлука значи го задолжуваме советникот да води грижа и он знае како.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прес еден слушав ваш што сте зборувале пред избори. Малце треба да си ги преслушате пресовите и да предлагате. Се спомнаа доста работи. Прва работа се спомна хаотичен откуп. Реално оваа година имавме горе доле добро регулиран откуп каде што најголем дел од грозјето се собра од страна, се направи напори и Владата и пратениците и сите ние направивме напор да се собере најголем дел од грозјето. Хаотичен откуп колега на пример имаше 2015, 2016 година ка го заглавите Повардарие, уште неколку да кажам винарии каде што ги оставивте граѓаните со предадено, а не исплатено грозје и тогаш не ве гледав дека тука излевате и кажувате колку многу сте биле загрижен за лозарството. Друга работа. Минатата година мислам дека и е во фаза и процедура да се воведе Институт на она што се нарекува производна цена која што ќе ја утврдува посебно тело кое што ќе утврдува врз основа на трошоците на живот плус работната рака на оној кој што го одгледува лозовиот насад и да испод таа цена да ниту една винарија не може да откупува и ако тоа на пример не е чекор напред и е лошо, тогаш боже мој кога било подобро. Не викам дека е најдобро, али битно е чекорите да оде работата напред. Ако се вратиме назад на 2016 година. Трета работа во делот на Воодостопанство 2015 година направите нов модел кој што требаше да има поголема ефикасност во делот на системот на водоснабдување и од подружници ги направите во акционерско друштво, ситем кој што функционира сега и кој што гледаме дека има проблем, меѓутоа и тоа го заборавате и мислите дека граѓаните ќе ги заборават овие работи. Не ги заборават, ќе ги потсетиме. Трета работа. Колешке го слушав твојот колега на прес конференција како кажува дека СДСМ и кандидатот за градоначалник ги манипулира земјоделците, а дека ви Митко Јанчев , вие како советничка група сте го имале решението за овој град, па сега бујрум спроведите го. За на локалните избори. За Горан Тодоров. И си добил доверба. Еднаш си го кажувал тоа во првата кампања, втор пат го кажуваш сега и тоа го користиш, тоа е во суштина маркетиншки трик. Ајде да го пуштиме да се изрекламираме, да ги доведиме во заблуда граѓаните и сеа да речиме види сега не е наша сега ваа ингеренција и тука е во право колегата Сакалиев. Ајде да не ги лажиме луѓето, да им кажиме што е во наша ингеренција, шо не е. Ама и сега и на избори, а не кога ќе дојдат избори на нареден пат можиш пак да си ја ветиш дестилеријата и пак да ја фрлаш кривицата на некој друг. И во донос на инвестициите на Владата колку Владата враќала, пак ќе си направиш колега

споредба у однос на тоа што е инвестирано од инфраструктура, од детски градинки, од локални патишта и видете си колку враќала во ваше време и споредите си. Лесно е да се направат споредбите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да се потсетиме малку. Сега вака. Овоа не се однесува на никој, ама вака општо нека биде. Го прашале актерот Џеки Ченг. Џеки дали си среќен во својот живот. Тој одоворил Знаете пред некое време слушнав многу мудри зборови. Вашата тешка работа е сон за секој невработен човек. Вашето непослушно дете е сон на секој бездетен. Вашиот мал дом е сон на секој бездомник. Вашето бледо здравје е сон на секој треминално болен човек. Тоа што Севишниот ги крие твоите гревови од очите на луѓето е сон за секој што е посрамен од неговите гревови. Вашиот душевен мир и вашиот мирен сон, вашата храна на маса е сон за секој во чија земја има војна. Треба да цениме се што имаме и никој не знае што ќе биде утре. Е сега. Нигде не се измалипулирани граѓаните, ни во прв мандат, ни во втор мандат, ни во трет. Советникот Перо Николов имаше многу убав предлог, конструктивен и мислам дека треба сите да го застапите. Дај од Владата како што во 2018 побараме со тогашниот Совет едногласно со тогашните пратеници да се исплатат сите заостанати долгови на лозарите од ликвидирани или во постапка на ликвидност на фирми за винариии Петра, Штефан или Повардарие беше итн. итн. Имаше слух, седнаме на маса 1 800 000 евра се исплатија од државните резерви на државата за лозарите. Тие пари дојдија кај Кавадарчани, Неготинчари, Росоманчани, Демир Капија, цела Тиквешија. Јас не реков дека не е добро. Дај да го направиме истото. Не реков дека не добро. Тоа е прав начин за работа. Таа дестилерија што треба да ја направиме е непходна, кога тогаш ќе биде, дали со мене, без мене, без тебе, со тебе ќе биде. Гарантирам дека ќе биде. тоа е размислување и на Тиквеш, и на поголемите визби, затоа што еве тука имаме Директор на Паркинзи кој што има многу искуство во винарството. Имаш лоши години кога имаш квантитет, а немаш квалитет, а се родило, а мора да го изгледаме, мора да го претвориме во нешто, а не излева вино од него квалитетно, тоа е улогата на дестилеријата. Или имаме вишок на грозје, ама пак пак ќе биде вишокот со низок квалитет. Реалната ситуација во моментот, нашите винарски визби оваа година се празни. Добро кажа советникот, дај да се произнесат кој колку мисле да купе. Со природно, примарен раст на винарските визби, ако продолжиме со тенденција како последниве 3 години, земајќи ги во обзир македонските винарски визби, а најголемата е Тиквеш, за 10 години со ова производство на грозје, ние ќе немаме ресурси, ќе немаме грозје, за 10 години ќе немаме грозје. Од 160 000 000 ако не се лажам Петар исправи ме, 165 000 000 кг винско грозје намалено е на 98 000 000, 90 нема ни 100, а прирастот на винарските визби континуирано во година расте од 8-10% на продажба на вино, така да дај да не бегаме од колосекот, тоа дали имаме ингеренции. Имаме. 18 мерни станици се

ставени, ќе ставиме уште 30. Дај тие субвенции да не бидат политички, низ една, низ друга партија него да бидат реални и да не биде срамно да еден човек млад се каже дека е земјоделец. Значи сега нас не срам да кажиме дека е земјоделец некој, а не им е срам да оде за 25 000 плата пример Тоа да го дигниме на повисоко ниво. Ако се натегаме тука, вака беше, така беше никогаш нема да го решиме. Зејоделието и во Франција и во Италија и у Србија и насекаде е гранка која што е доходовна гранка. Ние сите примарани ресурси ги имаме. Да точно е 2055-та грешка е одлуката што се направила така со Водостопанство Дај да ја исправиме. Дај да ја исправиме 2015. Дај да ја исправиме.Не е во ред што е така Не е во ред вија тука да нема пари за батерија, а ти сакаш вода да ти пуште. Кај ќе ти пуште вода. Ама 6 години што вика се потсетуваме. Дај да ја исправиме еднаш и да одиме напред, да движиме. Во ред, супер само да не се доцни. Инаку ако продолжиме со истата тенденција, невработеноста е 3%, минималните плати се качуваат, цената на грозјето никогаш нема да порасне, ако одиме со такви натегања и со зголемување на субвенциите и ќе останиме без грозје. На никој не е желба тоа, најмаку моја или ваша, затоа што Кавадарци и Тиквешијата е лозарски град, а и најмалку верувам дека на Тиквеш е желба и на било кој. Ваа година јас лично што очекувам. Еве како што викаш ти запиши, запамти. Очекувам најмалку да биде 20-25% повисиока цената на грозјето од ланската година. Тоа се моите очекувања и предвидувања лични, ама тоа јас не можам да го вметнам во документ. Затоа треба да седниме и да разговараме. Имаме пратеници во Прламентот, во Собранието кои што треба да го пренесат воа сето што го зборуваме тука. Се формира ново здружение, макар и претходните здруженија. Базата на податоци на здруженијата не може да ја собериме 2 месеца. Немаме база вика Претседателот на здружение сум Икс така, ај дојди дај база колку имаш регистрирано земјоделци, какви, што, по лозов насад. Никаква база на податоци нема. Дај да им помогниме на луѓето ако имаме искрени намери, да направиме земјоделие како што треба, пошто ќе останиме и без грозје. Ако остане Тиквешијата без грозје, пак ќе повторам, не одговара тоа ни за Тиквеш, ни за Бовин, ни за Сковин, ни за Стоби, ни за една винарија. Значи лозарството е гранка каде што успева тука, има добар прираст и колку што знаете сами доста се ивестира во делот на винарство и лозарство. Моментално во Крњево се направи винарска визба од повисок ранг на екологија, на био вино и било како од 4 000 000 евра. Има интересенти за други развојни програми. Она што го кажавте никогаш Општина Кавадарци не подржувала гранка на семејни винарии. Нема да си нафрлам нешто сам на себе да се пофалам. Инцијативата за регистрирање на тие семејни винарии е моја лична. Да се регистрират како семејни винарии, да почнат да добиваат од Министерството субвенции и добиват субвенции сега и

произведуват . Е сега некој ќе каже Ај бе тија произведил 30 000 литра вино. Абе не е малку. Кешки да ги има 100 луѓе такви. 3 000 000 се. Дестилериите тема за разговор, колку сакаш и мали и големи и средни. Така да имаме простор. Дај да се соединиме и може да направиме еден заеднички состанок со нашите пратеници. Еве ова што викаш ти. Да можеби има дискусија за Водостопанство. Дај да ја слушниме, да видиме и да помогниме сите колку можеме. Тоа е цел контекст на начинот и пристапот на лозарите. Не е ова предизборна кампања. Не верувам дека и Перо сака да поентира лично, да каже Сега еве јас ќе го лечам лозарството или пак јас ќе го уништам или како што викате вие 2015 било хаотично. 2015 помина. Враќање назад нема.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на намерите. Не е спорно дека сите имат добри намери, меѓутоа кога ќе излезиме тука да зборуваме треба сите да кажиме кој како и што придонесил у минатото. Едно се намерите, едно е што си сработил. Оваа година имавме 30% повисока цена, откупна, имавме реално добар откуп, реално добар, никојпат не е идеален. Па јас се сеќавам Градоначалник и ви рекоте на Гроздоберот, на денот, дека цената оваа година е добра, не е супер, туку дека е добра, така.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Препорачаната цена од Владата како минимална цена беше во ред. Не беше комплетно испочитувана од сите откупни пунктови. Инаку беше ок и пак ќе го кажам тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама во најголем дел беше. Имаше и пријавувања, имаше и контроли. Воведиме производна цена. Значи едно е само кога ќе излеваме и само декларативно да се залагаме за одредени работи. Битно е кој што сработил. Ги спомнавте малите семејни винарии. Јас не знам дали било ваша инцијатива, меѓутоа една многу добра работа која што ја спроведи Министерството за земјоделие со грантови по 10 000 евра и овозможување законски услови за да можат истите да се регистрират.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро чија беше иницијативата мали семејни винарии.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Така да и друга работа. Ако ја раздробиме и еве ако треба да се состаниме посебно и да ја раздробиме и темата околу дестилеријата. Колку е тоа решение за градот, дали е решение или не е решение. Ајде да видиме, ќе го разговараме тоа тогаш и ќе видиме кои се предностите на таа работа, кои се недостатоците на таа работа, меѓутоа маркетиншки трик било во избори ние да ветуваме нешто за лозарството, а овоа не било маркетиншки трик. На крајот излеваме во ситуација да доаѓате и викате: Види, па сеа не е наша надлежност, а Влада е како да кажам, ваш политичи опонент и лесно е да си ја пребаците, да си ја префрлите вината на другата страна. Ве гласале 15 000 гласачи ве гласле, така. 15 000 гласачи.

ГРАДОНАЧАЛНИК: 15 720.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро 15 720. На тие 15 720 дел ве гласале и заради таа дестилерија и ви на некој начи сте ги превеслале жедни преку вода, што викат старите.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи почитуван колега очигледно кратка ви е меморијата и кратко ви е памтењето во врска со откупот. Зошто го зборам ова. Заради тоа што имаше ситуација кога им кажуваа на лозарите Имаш 21 шеќерна единица, бери го грозјето, донеси го пред винарската визба, денес откупуваме со 22. И грозјето шеташе по улиците, ко несалам луѓето не знаеја кој, каде да фате џаде. Тоа е хаотичноста јас што ја зборам, хаотичното значи. Во зборот 2015 година, тогашната Влада на ВМРО ДПМНЕ успеа да откупе рекордни 160, односно да обезбеде услови да се откупат 160 000 000 кг. грозје. Правиме муабет за 90 000 000 откупени кг. грозје и 20 000 000 останати на нива, необрани. Имам слики во телефонот, ако сакаш да ти покажам. Колку останаа неплатени, знаете. Знаеш ли колку остана. Збориш за покачување на цената од 30%. Знаеш ли дека 200% се покачени препаратите, 300% е покачено ѓубривото. Абе како тоа збориш за 30% покачување на цената. А сега, ја диктира пазарот цената. Ма не ја диктира пазарот. Значи ако ја диктира пазарот цената, треба да има и производна цена. Не може ние да произведуваме. Плус тоа она што го збориш ти. Колега ти кога беше на бината тука, кога збореше јас си чутев, значи збор не ти кажав. Сослушај ме. Значи не станува збор тука за да правиме политички поени. Ако збориме дека сум го зборел тоа на пресот, да кажав дека сакам да помагам во решавање на лозарството. Дај боже да има избори наскоро, си ја земиме централната власт и ќе го решиме многу полесно проблемот. Имаме идеално решение. А сега како советникот тука сум иницијална каписла која што треба да потикне да се решаваат проблемите.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега ти кажав дека во производната цена.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега извини што ќе те прекинам. Законот за вино уште не е донесен. Кога ќе биде тогаш ќе разговараме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро. Минатата година беше испочитувана производната цена, иако не беше во закон. Јас ги гледав пресметките и во пресметките се вметнати и покачувањето на ѓубривото, и покачувањето на нафта и се и плус и работна рака. И беше испочитувано така. Ќе ти ги донесам пресметките. Ги имам јас пресметките. Ќе ти ги донесам. Друга работа во делот на хаотичен откуп. Еве кажи ми на колку луѓе не исплатија. Јас знам дека се многу. На многу луѓе не им беше исплатен трудот. Им го собра винаријата, а оставите винаријата да пропадне и на крај требаше друг да го решава проблемот. Па сега види ок е да декларативно, јас тебе те разбирам. Не ти се лутам тебе како поединец, меѓутоа опцијата која што ти ја застапуваш треба да гледаш како во минатото постапувала и дали кога сте биле централна власт си бил загрижен за оваа работа или си само сега.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега кога ја имавме централната власт ВМРО ДПМНЕ до последниот земјоделец мораше да биде снабден со вода. Ѕвоне од горе, од Скопје зошто Трајко Петков од некојси егиди парцела не му стигнало вода.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Зошто ја направивте промената во Водостопанство.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Еве згрешивме. Зошто не го решите.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама зошто го направите.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: И да ја направиме промената колега, никогаш не дозволиме 4 месеци вработените да немат земено плата.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: По моја информација колега. По моја информација.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега забегавме од темата. Целта беше да се иницира состанок, да се повикат надлежните институции.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро ќе дојдиме на состанокот.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Да дојде министер, заменик министер, државен секретар, Премиерот ли ќе биде, винариите да седниме да разговараме. Дај да видиме што и како. За тоа правиме муабет.
СОВЕТНИ ВУКО МЕЛОВ: Не е спорно колега.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Сега да се натегаме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не, не ти имаш политички говор каде што напаѓаш одредени работи и на крајот викаш Ајде да седниме... Јас се она што е историски континуитет и комунистичко минато го почитувам и го ценам колега.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Најпрво поздрав за инцијативата од страна на колегата Николов за расправа за проблемите во лозарството. Мислам дека сега е време, значи февруари месец да се разговара точно за оваа тема и тоа треба да биде пракса, можеби и уште порано. Треба да биде пракса секоја година. Мене ми е навистина жал што оваа тема малку скрсна од патеката и почнавме тука да се препукуваме политички, дел од советниците таму во задна клупа му е смешно нешто. Не знам стварно што му е смешно. Мислам дека ова е проблем на секоједен од нас, без разлика кој каква професија има, без разлика кој што работи, секој од нас има лозје, произведува грозје и на крај мака мачи тоа грозје да го даде некаде, па макар и за без пари. На жалост се доведовме во ситуација, значи луѓето обрано грозје да нема каде да го дадат. Колега Мелов значи гледаме една нервоза во секоја една дискусија. Една нервоза гледаме. Значи 6 години сте на власт и само спомнувате како било 2015, како било 2014. 2015 се затвори Повардарие, па што не го отворивте поново. Отворите го поново. Зборувате за некакви направени анализи, колку биле трошкови, колку била работна рака, нели и после направени анализи ќе се даде насока и минимална цена која што винариите мора да ја платат. Значи со тоа може да ги условите винариите да дадат минимална цена така. Па зошто не го вметнавте

до сега . Е како во процес. 6 години ли е во процес. Значи сметам дека со оваа иницијатива, значи треба како советници да дадиме една насока како, каде и како треба треба да се движиме. Како што спомнавме нели претходно, да се дадат нели некои заклучоци, некои предлози и да се договорат состаноци со дел од пратениците кои што не претставуваат во Републичкото Собрание се со цел да дојдиме до едно заедничко решение и да пробаме нели одгодина, во година овие проблеми да с е намалуваат . Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Значи ве молам да ја затвориме точката и да пристапиме кон процес на гласање. На кој му правиш реплика. Ајде повели.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Во последна клупа ние сме 5 колеги. Тројца и двајца 5. И викаш се смеете. Ами ни треба да плачиме, ама греота е да плачиме сега. Према овоа што го зборите пример е за плачење. Зошто да не се смееме. И колешката се насмеа повеќе од мене. Се смеев. Не јас се смеев, ама колешката уште повеќе се смееше, ама последна клупа, зошто не прва клупа. Зошто да не се смее кога трескаш глупости. Што треба. Да те плаче. Ама сега ти на кој ќе му кажеш дека не е за смеа. Ни на граѓаните му ја кажуваме реалноста и се соживуваме со граѓаните, а лажното ветување дека богзнае што ќе се направе, знам дека нема да се направе ништо и јас ќе бидам против инцијативата на Перо, макар што Перо е стручен за ваа работа, ама он. Зошто да не бидам. Мое право. Колега ќе бидам против инцијативата, оти е лажна, оти таа иницијатива ќе биде гола иницијатива, ќе биде лажна утеха на граѓаните. Јас ќе дадам инцијатива. И сега ќе дадам. Проблемот е тоа што има грешка во држават, дава субвенции на нешто што е вишак. На вишак не се даваt субвенции. Субвенции се даваt на нешто што е дефицит. А ние даваме субвенции на нешто што е вишак. Даваме субвенции на винарии и на земјоделци. 90% од винариите се и земјоделци, они добиваат два пати субвенции. Оној што двапати зима субвенции и што е монопол, тој кога го праве виното и го продава по поскапи пари, откупна цена на неговото лично грозје е 1 евро или 2. Оваа клиентела што останавме земјоделци. Јас не сум. Тие што се само земјоделци ни Господ не може да ги спасе од монополот, од мафијата и нека се предаде, нека оди да работи кај големиот за дневница повеќе пари ќе земе, него да има сопствено грозје. Времето се смени. Ако си имаш винарија и сопствени насади ќе те биде, ако си земјоделец тој количината што му треба ја има, тоа твоето како вишак, да не го фрлиш во ѓубре ти го зима за без пари. Тоа да му го кажиме на оној земјоделец кој што е чист земјоделец да знае на што е и тогаш му помагаме, а државата да не дава субвенции, ако имаме вишак, кога ќе дојде дефицит тогаш цената ќе рипне по автоматизам. Оној што има винарија кога ќе му биде малку неговото, ќе те тера тебе, он ќе те субвенционира, не државата. Зошто државата,

кога е приватен сектор. Ме сфаќаш што е целта. И сега тоа Перо ако го каже овде е ок. Се направило некое стопанство пред 50 години, сега се модернизираме и одиме до тоа да финален производ треба. Финален производ се моќни винариите, имаат свои насади и си прават грозје, од грозјето вино си продаваат и нека одат така. Тоа е добро. Закрепостен селанец веќе пропаѓа. Ќе го продаде на големиот и ќе биде кај него аргатин и поубави пари ќе земе него да има нервоза, а ние дека ќе му го решиме проблемот, да договараме цени, па да ги уценуваме. Перо кога ќе ги повика тија, Перо ќе ги исплаше, ќе му речат добро Перо ти си Господ и ќе го решиме проблемот. Не. Колега сум бил овде 20 години. Прва година ти е . У година ќе мислиш како што мислам јас.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега воопшто не си ја разбрал дискусијата моја. Значои јас не реков дека цената ќе ја направам.Жал ми е што не можеш да ме разбериш.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Самиот не се разбираш колега.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани да прекиниме. Мислам самиот дијалог избега од нормалниот начин на функционирање и размислување. Со целиот респект кон функција советник да бидиме практични и да бидиме разумни. Идејата, инцијативата од советникот беше дадена. Советникот Јован Златевски со сопствени заклучоци даде надополнување на самата инцијатива. Самата инцијатива на крајот ќе се ставе на гласање. Ќе се изгласа или ќе се отфрле. Ако имаш предлог или заклучок на инцијативата можиш да ја надополниш, бидејќи доволен период елаборираме за инцијативата, сметам дека натамошното излагање ќе оде само во лични пресметки и лично омаловажување, а тоа не е добро пред се за Советот.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега го почитувам и сега ние дискутираме. Нема советник во моите 5,6 мандата што сум се замерил лично со некого. Он ми е пријател надвор од вратата, овде ние мора да разговараме кој, како мисли. После врата ако јас и Перо си замериме тоа е лична замерка. Значи сите колеги надвор од оваа врата сме колеги и се почитуваме. Тоа е факт. И ако има некој таков проблем личен со мене. Нема колега. Како може да има. Е сега што е намерата. На едните е една , на другите е друга. Тоа е политичка борба, ама многу рано и подобро е колега ислушај ме. Сум пробал и јас да решавам вака проблеми и на крај во сепември, по тебе ќе трчат. Не знаеме што ни е ингеренција. Бараме да ни кажат што ни е, што можеме ако е тоа малку, малку. Колку што можеме толку. Се слагаш колега. Е па благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советници инцијативата на советникот Перо Николов, заедно со заклучоците од советникот Јован Златевски за средба со релевантните фактори во Министерството за земјоделство и шумарство, заедно со актуелните наши пратеници во Републичкиот Парламент. Една средба по теркот на ланската средба

како што беше организирана и на која бевме присутни како советници ја ставам на гласање. Кој е за иницијативата заедно со заклучоците. Ве молам со изјаснување за. 11 за. Кој е против. 2. Кој е воздржан. Добро. Со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред. Ви благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов